ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО 2013 ГОДИНА

Скопје, мај 2014 година

# СОДРЖИНА

I. ВОВЕД 3

II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ 7
1. Број на осигуреници 7
2. Број на корисници на пензија 11
3. Корисници на најнизок износ на пензија 17
4. Корисници на паричен надоместок со преостаната работна способност 18
5. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување 20
6. Учество на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ 21
III. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ 22
IV. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ 28
1. Приходи на Фондот 30
2. Расходи на Фондот 36
3. Финансиски резултат 43
4. Акции и удели 43
5. Наплата на заостанатите ненаплатени придонеси 44
6. Информирање 47
V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ 51
1. Решавање на барања во прв степен 51
2. Извештај за работата на Одделението за нормативa, следење и примена на правните прописи 55
3. Остварување на правата според меѓународни договори за социјално осигурување 58
4. Работа на Комисијата за оцена на работната способност 62
5 . Матична евиденција 69
6. Исплата на пензии 72
7. Имотно правно работење 74
8. Органи на управување на Фондот 76
   1. Управен одбор 76
   2. Директор 80
9. Стручната служба на Фондот 81
   1. Човечки ресурси 81
   2. Работа на Отсекот за актуарство 85
   3. Работа на Одделението за внатрешна ревизија 88
   4. Буџетска контрола 92
   5. Јавни набавки 94
   6. Солидарен фонд 96
10. Информатички систем 99
11. Стопанисување со имотот на Фондот и општествен стандард на корисниците на пензија 103
VI. ЗАКЛУЧОК 107

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО 2013 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Пензиското и инвалидско осигурување зазема доста значајно место во целокупниот општествен, социјален и политички живот на Република Македонија. Развојот на пензиското и инвалидското осигурување зависи од вкупните економски, социјални и демографски движења во општеството кои влијаат на пензискиот систем на секоја земја, а неговото значење се изразува преку вкупниот број на осигуреници кои плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување, бројот на корисниците на пензија, како и учеството на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ.

Извештајот за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија содржи исцрпни, поединечни и сеопфатни податоци со детални образложенија и коментари за остварените резултати од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување во Република Македонија. Исто така, во Годишниот извештај се дадени статистички податоци за остварените права од пензиското и инвалидско осигурување, финансиски податоци за работењето на Фондот, податоци за решавање на правата од пензиското и инвалидско осигурување, матичната евиденција, општествениот стандард на корисниците на пензија и други податоци. Активностите на Фондот се многубројни и различни и истите имаат влијание врз целата повозрасна популација во Републиката, а индиректно и врз членовите на нивните семејства.

Системот на пензиското и инвалидско осигурување во Република Македонија функционира како задолжително пензиско и инвалидско

осигурување врз основа на меѓугенерациска солидарност (Прв столб), задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Втор столб) и доброволно пензиско осигурување врз основа на индивидуално капитализирано штедење (Трет столб).

Во Првиот и Вториот столб од пензискиот систем, задолжително се опфатени сите работници по основ на работен однос и вршење на дејност, а Третиот столб е на доброволна основа.

Работите од надлежност на Фондот, во 2013 година се извршени согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Буџетот на Фондот и Програмата за работа на Управниот одбор на Фондот.

Во рамките на пензиското и инвалидско осигурување, својата социјална сигурност ја остваруваат 303.091 корисници на права од пензиското и инвалидско осигурување, или 14,7% од вкупното население на Република Македонија во 2013 година (оценети 2.067.104), а учеството на вкупните расходи за пензиско и инвалидско осигурување (50.854,76 милиони денари) во бруто домашниот производ (474.196,00 милиони денари) изнесува 10,7 %, додека за исплата на пензии 8,6 проценти .

Органи на управување на Фондот се Управниот одбор и Директорот на Фондот. Според член 156 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 98/2012 год.), Управниот одбор на Фондот има седум членови кои ги именува Владата на Република Македонија за време од четири години. Од вкупниот број на членови, два члена се по предлог на Владата на Република Македонија и пет члена се именувани на предлог од: Министерството за труд и социјална политика еден преставник, од Министерството за финансии еден преставник, од Репрезентативниот синдикат член на Економско-социјалниот совет еден преставник, од Репрезентативното здружение на работодавачите член на Економско-

социјалниот совет еден преставник и од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија еден преставник.

Исто така, треба да се напомене дека, во 2013 година согласно членот 120 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, стапката на придонесот распределен за Вториот пензиски столб изнесува 6% од основицата за плаќање на придонесот утврдена со закон, а за Првиот се распределува 12% од вкупната стапка од 18% од уплатениот придонес.

На крајот од 2013 година, бројот на осигуреници изнесуваше 526.909, додека бројот на корисниците на пензија изнесуваше 291.821 корисник (заедно со минималните земјоделски и воени корисници), или во соодност 1,80 осигуреници на 1 пензионер.

Во 2013 година, Фондот оствари вкупни прохиди во износ од 51.070,23 милиони денари и вкупни расходи во износ од 50.854,74 милиони денари, односно вишок на приходи од 215,47 милиони денари. На финансиското работење на Фондот во 2013 година влијаеше неостварувањето на предвидените макроекономски индикатори. Од тие причини, изготвени се измени и доплнување на Буџетот на РМ.

Во 2013 година, Фондот изврши усогласување на пензиите од 1 јануари за 1,15% и од 1 јули за 0,75%, како и дополнителното усогласување на пензиите од 5%, односно 550 денари во номинален износ од февруари за сите пензионери што имаше влијание врз одржувањето на реалната вредност на пензиските примања.

Со извршеното усогласување на пензиите, просечната пензија во декември 2013 година (од работничко право) изнесуваше 11.819 денари и во однос на 2012 година (11.016) е повисока за 7,3%, а заедно со минималните земјоделски и воени пензии, просечната пензија во 2013 година изнесуваше 11.845 денари, додека во 2012 година истата изнесуваше 11.038 денари и е зголемена за 7,3%.

И во 2013 година, Фондот водеше рестриктивна кадровска политика согласно антикризните мерки на Владата на Република Македонија, да нема нововработени на упразнетите места по основ на пензионирање и останати основи, согласно Законот за работни односи.

Со примена на Проектот за техничка поддршка за дизајнирање на новите деловни процеси за остварување на правата и исплата на пензиите, во 2013 година значително е скратен рокот за решавање на правата од пензиското и инвалидско осигурување и исплатата на пензиите.

Фондот, во 2013 година, исплатуваше пензии на вкупно 291.821 корисник на пензија (со воени и минимални земјоделски), со просечен месечен износ на расходи во износ од 3.401 милиони денари во нето износ и 447 милиони денари придонес за здравствено осигурување, или заедно 3.848 милиони денари.

Во текот на 2013 година, согласно законските прописи за продажба на акциите и уделите што ги поседува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Управниот одбор на Фондот, на предлог на Комисијата за акции и удели, донесе повеќе одлуки за реализација на продажба на акциите и уделите на Фондот со претходна согласност донесена од Владата на Република Македонија.

И во 2013 година, Фондот активно учествуваше во спроведувањето на проектот на Владата на Република Македонија за "Бањско-климатска рекреација на корисниците на пензија". Поднесувањето на барањата, како и електронската обработка на истите се вршеше во Фондот, а потоа истите беа доставувани до надлежната Комисија за рангирање на поднесените барања при Министерството за труд и социјална политика. По извршеното рангирање од страна на Комисијата, до Фондот беа доставени списоци со корисници на пензија на кои им беше одобрено користење на услугата. Стручната служба на Фондот писмено (по пошта) и телефонски преку Кол-центарот, ги известуваше

корисниците на пензија, а истовремено, списоците беа објавени и на Веб-страницата на Фондот. На корисниците на кои им беше одобрено бањско – климатска рекреација, Фондот им дозначуваше средства за превоз на нивните трансакциски сметка што ги надоместуваше од Министерството за труд и социјална политика.

# II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

## 1. Број на осигуреници

Врз основа на матичната евиденција на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија со состојба декември 2013 година, евидентирани се 70.464 обврзници и 526.909 осигуреници со задолжително пензиско и инвалидско осигурување.

**Табела бр. 1:** Број на осигуреници и обврзници во декември 2013 година

| Реден број | Филијали | Обврзници | Осигуреници |
|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 552 | 3.072 |
| 2 | Битола | 4.098 | 27.203 |
| 3 | Валандово | 359 | 2.279 |
| 4 | Велес | 1.928 | 12.100 |
| 5 | Виница | 504 | 4.459 |
| 6 | Гевгелија | 1.501 | 10.221 |
| 7 | Гостивар | 3.085 | 12.201 |
| 8 | Дебар | 543 | 2.485 |
| 9 | Делчево | 735 | 5.234 |
| 10 | Демир Хисар | 264 | 1.405 |
| 11 | Кавадарци | 1.650 | 11.253 |
| 12 | Кичево | 1.771 | 6.050 |
| 13 | Кочани | 1.561 | 9.837 |
| 14 | Кратово | 224 | 1.355 |
| 15 | Крива Паланка | 503 | 3.465 |
| 16 | Крушево | 257 | 891 |
| 17 | Куманово | 3.645 | 20.956 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Македонски Брод | 276 | 1.112 |
| 19 | Неготино | 917 | 5.153 |
| 20 | Охрид | 2.570 | 15.598 |
| 21 | Прилеп | 3.260 | 20.118 |
| 22 | Пробиштип | 361 | 3.384 |
| 23 | Радовиш | 1.051 | 4.938 |
| 24 | Ресен | 494 | 2.910 |
| 25 | Свети Николе | 841 | 4.207 |
| 26 | Струга | 2.262 | 9.826 |
| 27 | Струмица | 3.082 | 19.235 |
| 28 | Тетово | 4.496 | 24.034 |
| 29 | Штип | 1.877 | 21.024 |
| 30 | Скопје | 25.797 | 260.904 |
| Вкупно | | **70.464** | **526.909** |

Од вкупно 70.464 обврзници, на територијата на град Скопје се 25.797, или 36,6%, а од вкупно 526.909 осигуреници, во Скопје се регистирани 260.904 или 49,5%.

Според податоците на Фондот, бројот на осигуреници (состојба декември 2013 година) за кои се плаќа придонес изнесува 485.567, или 92,2% од вкупниот број на осигуреници (526.909). Соодносот меѓу осигурениците кои плаќаат придонес од работничко осигурување и вкупниот број на корисници на пензија (289.114 без воени и земјоделски пензии), изнесува 1,6 вработен на еден корисник на пензија, а соодносот меѓу вкупниот број на осигуреници и корисниците на пензија изнесува 1,80 осигуреници на 1 корисник на пензија.

**Табела бр.2:** Број на корисници на пензија и број на вработени лица

| Година | Број на вработени | Број на корисници на пензија (без воени и земјоделски корисници) | Број на корисници на пензија на 1000 вработени | Број на вработени на 1 корисник на пензија |
|---|---|---|---|---|
| 1991 | 534.887 | 180.749 | 338 | 3,0 |
| 1992 | 531.083 | 193.294 | 364 | 2,7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1993 | 503.010 | 210.537 | 418 | 2,4 |
| 1994 | 468.632 | 216.834 | 463 | 2,2 |
| 1995 | 427.658 | 219.307 | 513 | 2,0 |
| 1996 | 403.820 | 222.727 | 552 | 1,8 |
| 1997 | 381.723 | 227.099 | 596 | 1,7 |
| 1998 | 370.869 | 232.216 | 626 | 1,6 |
| 1999 | 374.025 | 235.839 | 631 | 1,6 |
| 2000 | 367.162 | 241.221 | 657 | 1,5 |
| 2001 | 351.009 | 247.200 | 704 | 1,4 |
| 2002 | 332.728 | 249.421 | 750 | 1,3 |
| 2003 | 321.105 | 254.262 | 775 | 1,3 |
| 2004 | 348.212 | 260.075 | 747 | 1,3 |
| 2005 | 348.500 | 265.152 | 761 | 1,3 |
| 2006 | 394.882 | 269.681 | 714 | 1,5 |
| 2007 | 424.338 | 272.386 | 693 | 1,6 |
| 2008 | 451.491 | 273.281 | 654 | 1,7 |
| 2009 | 475.780 | 273.977 | 576 | 1,7 |
| 2010 | 466.280 | 273.751 | 587 | 1,7 |
| 2011 | 489.608 | 277.441 | 567 | 1,8 |
| 2012 | 507.061 | 282.334 | 557 | 1,8 |
| 2013 | 526.909 | 289.114* | 549 | 1,8 |

*покрај овие корисници на пензија од работничко осигурување Фондот на пензиското и инвалидското осигуруање исплаќа и воени и земјоделски пензии и заедно со нив вкупниот број на корисници на пензија изнесува 291.821 корисник на пензија

Бројот на регистрирани осигуреници во декември 2013 година изнесува 526.909 осигуреници, и истиот во споредба со бројот на осигурениците во декември 2012 година од 507.061 е зголемен за 19.848 осигуреници, а бројот на осигуреници за кои се плаќа придонес е зголемен од 458.180 во 2012 година на 485.567 осигуреници во декември 2013 година, или повеќе за 6,0%.

Бројот на осигурениците, корисниците на пензија и нивниот соодност е даден во следниот графикон:




Структурата на осигурениците по пол, во декември 2013 година е дадена во следниот графикон:




Од вкупниот број на осигуреници во 2013 година, 79.299 осигуреници се мажи и 61.107 жени на возраст од 40-50 години, а од 50-60 годишна возраст бројот на осигуреници мажи изнесува 68.389 и жени 44.871. Од анализираните податоци произлегува дека бројот на корисниците на пензија се очекува да бележи пораст во идниот период.

Старосната структура на осигурениците декември 2013 година е дадена во следниот графикон:




## 2. Број на корисници на пензија

Бројот на корисниците на пензија од работничко осигурување, со состојба 31.12.2013 година, изнесува 289.114 корисници, од кои 169.362 корисници на старосна пензија, или 58,6% од вкупниот број на корисници на пензија; 42.741 корисници на инвалидска пензија, или 14,8% и 77.011 корисници на семејна пензија или 26,6%.

**Табела бр.3**: Број на корисници на пензија во декември 2012 и 2013 година

| Вид на пензија | Корисници на пензија 31.12.2012 | Корисници на пензија 31.12.2013 | Зголемување/намалување | Индекс 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|
| Старосна | 162.086 | 169.362 | 7.276 | 104,5 |
| Инвалидска | 43.648 | 42.741 | -907 | 97,9 |
| Семејна | 76.600 | 77.011 | 411 | 100,5 |
| Воени | 1.953 | 1.827 | -126 | 93,5 |
| Земјоделски | 1.124 | 880 | -244 | 78,3 |
| **Вкупно пензии:** | **285.411** | **291.821** | **6.410** | **102,2** |

Бројот на корисниците на пензија од работничко осигурување во 2013 година е зголемен за 6.780 корисници во однос на 2012 година, односно за 2,4% од вкупниот број на корисниците на пензија, како резултат на зголемениот број на поднесени и решени барања за остварување право на старосна пензија.

Пораст на бројот на корисниците на пензија во 2013 година е остварен кај корисниците на старосна пензија за 7.276 нови корисници, или за 4,5%, кај корисниците на инвалидска пензија забележано е намалување за 907 корисници, или 2,1% и кај корисниците на семејна пензија има пораст на 411 нови корисници, или 0,5% во однос на истите во 2012 година.

Во Фондот се исплатуваат пензии и за 1.827 корисници на воена пензија и 880 корисници на минимална земјоделска пензија, со кои вкупниот број на корисници на пензија на крајот на годината изнесува 291.821 корисник. Покрај тоа, Фондот исплаќа и надоместок за телесно оштетување за 11.153 корисници, од кои 2.008 се корисници на телесно оштетување како единствено право од пензиското и инвалидско осигурување.

Вкупниот број на корисници на пензија во 2013 година (заедно со минималните земјоделски и воени пензии) е поголем за 6.410 корисници на пензија во однос на 2012 година, или 2,2%, и тоа, заради намалувањето на минималните земјоделски пензии за 244 корисници и за 126 корисници на воени пензии. Овие корисници и во иднина ќе се намалуваат со природен одлив, поради тоа што затекнатите корисници своето право го оствариле според законски прописи кои веќе не се применуваат, а нови права не се остваруваат.

Структурата на корисниците на пензија по видови на пензија е следна:




Приливот на нови корисници на старосна пензија од 1994 до 2013 година е даден во следниот графикон:



**Табела бр.4**: Стапка на пораст на корисниците на пензија од 1991-2013 година според видот на пензија

| Период | Нови корисници на старосна пензија | Нови корисници на инвалидска пензија | Нови корисници на семејна пензија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1992-1991 | 7,8 | 7,4 | 5,0 | 6,9 |
| 1993-1992 | 11,6 | 6,9 | 5,2 | 8,9 |
| 1994-1993 | 2,5 | 3,7 | 3,5 | 3,0 |
| 1995-1994 | -0,3 | 2,3 | 3,3 | 1,1 |
| 1996-1995 | 0,7 | 2,0 | 3,0 | 1,6 |
| 1996-1991 | 23,6 | 24,1 | 21,7 | 23,2 |
| 1997-1996 | 1,0 | 3,1 | 3,1 | 2,0 |
| 1998-1997 | 0,9 | 3,7 | 3,0 | 2,3 |
| 1999-1998 | 1,2 | 1,7 | 2,3 | 1,6 |
| 2000-1999 | 3,0 | 0,9 | 2,0 | 2,3 |
| 2001-2000 | 3,3 | 0,1 | 2,8 | 2,5 |
| 2002-2001 | 1,0 | -0,2 | 1,5 | 0,9 |
| 2003-2002 | 2,6 | -0,5 | 2,6 | 1,9 |
| 2004-2003 | 3,6 | -1,2 | 2,4 | 2,3 |
| 2005-2004 | 3,6 | -2,7 | 2,1 | 2,0 |
| 2006-2005 | 2,8 | -1,6 | 1,8 | 1,7 |
| 2006-1996 | 25,5 | 4,1 | 26,1 | 21,1 |
| 2007-2006 | 2,2 | -2,7 | 1,1 | 1,0 |
| 2008-2007 | -0,3 | 1,1 | 1,0 | 0,3 |
| 2009-2008 | 0,3 | -1,3 | 1,2 | 0,3 |
| 2010-2009 | 1,2 | -3,8 | -0,3 | -0,1 |
| 2011-2010 | 2,7 | 1,9 | 1 | 1,3 |
| 2012-2011 | 3,9 | -2,8 | 0,1 | 1,8 |
| 2013-2012 | 4,5 | -2,1 | 0,5 | 2,4 |

Зголемувањето на бројот на корисниците на пензија од 1992-2013 година е дадена во следниот графикон:




Приливот на корисници на инвалидска пензија и во 2013 година се намали како и во претходните години заради измените во Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Табела бр. 5:** Движење на бројот на корисниците на пензија, по години:

| Година | Старосна пензија | Инвалидска пензија | Семејна пензија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1991 | 94.676 | 38.206 | 47.867 | 180.749 |
| 1992 | 102.021 | 41.030 | 50.243 | 193.294 |
| 1993 | 113.799 | 43.867 | 52.871 | 210.537 |
| 1994 | 116.617 | 45.472 | 54.745 | 216.834 |
| 1995 | 116.241 | 46.509 | 56.557 | 219.307 |
| 1996 | 116.560 | 47.431 | 58.254 | 222.245 |
| 1997 | 118.148 | 48.909 | 60.042 | 227.099 |
| 1998 | 119.194 | 51.208 | 61.814 | 232.216 |
| 1999 | 120.574 | 52.060 | 63.205 | 235.839 |
| 2000 | 124.210 | 52.549 | 64.462 | 241.221 |
| 2001 | 128.322 | 52.619 | 66.259 | 247.200 |
| 2002 | 129.648 | 52.514 | 67.259 | 249.421 |
| 2003 | 133.008 | 52.237 | 69.022 | 254.267 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2004 | 137.840 | 51.589 | 70.646 | 260.075 |
| 2005 | 142.827 | 50.180 | 72.145 | 265.152 |
| 2006 | 146.852 | 49.364 | 73.465 | 269.681 |
| 2007 | 150.075 | 48.364 | 74.257 | 272.696 |
| 2008 | 149.682 | 48.562 | 75.037 | 273.281 |
| 2009 | 150.092 | 47.947 | 75.937 | 273.976 |
| 2010 | 151.894 | 46.118 | 75.739 | 273.715 |
| 2011 | 156.016 | 44.895 | 76.530 | 277.441 |
| 2012 | 162.086 | 43.648 | 76.600 | 282.334 |
| 2013 | 169.362 | 42.741 | 77.011 | 289.114 |

Графички приказ на движењето на бројот на корисниците на пензија




Според дадениот графикон, произлегува дека во пораст е бројот на корисниците и во 2013 година повеќе од една половина, или 58,6% од вкупниот број корисници на пензија се корисници на старосна пензија, а другиот дел се однесува на корисниците на семејна и инвалидска пензија.

## 3. Корисници на најнизок износ на пензија

**Табела бр.6:** Број и висина на пензијата на корисниците на најнизок износ на пензија

| | **Број на корисници** | **Износ на пензија (денари)** |
|---|---|---|
| Прва група | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 4.432 | 9.131,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 831 | 7.620,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 3.877 | 8.129,00 |
| Вкупно прва група ( над 35 години маж и над 30 години жена | 9.140 | |
| Втора група | | |
| Пензии остварени од 31.12.1996 | 6.479 | 8.900,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 1.833 | 7.092,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 6.204 | 7.574,00 |
| Вкупно втора група ( над 25 години маж и над 20 години жена) | 14.516 | |
| Трета група | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 16.452 | 8.604,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 6.989 | 6.562,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 22.487 | 7.020,00 |
| Вкупно трета група ( до 25 години маж и до 20 години жена) | 45.928 | |
| **Се вкупно** | 69.584 | |

Најнискиот износ на пензија се определува независно од висината на пензијата определена врз основа на должината на пензискиот стаж и остварените плати. Тоа значи дека на осигуреникот му се гарантира износ на пензија кој е повисок од пензијата определена од должината на пензискиот стаж и остварените плати. Институтот најнизок износ на пензија, се заснова на принципот на социјална праведност и неговата висина зависи од должината на работниот придонес изразена преку должината на пензискиот стаж и ако истата е пониска на корисникот му се исплатува до најниската пензија.

Во Фондот, со состојба 31.12.2013 се исплаќа минимална пензија на 69.584 корисници, и тоа: 45.928 корисници или 66,00% од вкупниот број на корисници на минимални пензии, од трета група, односно со најмал пензиски стаж (до 25 години маж, односно до 20 години жена), на 14.516 корисници од втора група (над 25 години маж и над 20 години жена ), или 20,9% и на 9.140 корисници на пензија од прва група (над 35 години маж и над 30 години жена), или 13,1% од вкупниот број на минимални пензии. Бројот на корисници на најнизок износ на пензија во 2013 година во споредба со 2012 година (75.078) намален е за 7,3%. како резултат на висината на пензиите во поголем износ на новите корисници кои правото на пензија го оствариле во 2013 година, и усогласувањето на пензиите во 2013 година, посебно дополнителното во февруари во износ од 550 денари

## 4. Корисници на паричен надоместок со преостаната работна способност

Во Фондот, на крајот на 2013 година имаше 117 корисници, од кои 95 за време на чекање на вработување на својата или друга соодветна работа, 13 корисници со скратено работно време и 9 корисници поради помал личен доход на друга соодветна работа.

По влегување во сила на измените на Законот за ПИО („Сл. весник на РМ“ бр.153/2007 година), сите корисници на паричен надоместок по основ на преостаната работна способност кои имаа навршено над 50 години живот, се преведоа во инвалидска пензија по основ на намалена работна способност.

Корисници (со утврдена промена на работно место, или скратено работно време), кои немале навршено 50 години живот, останаа и понатаму да работат на друга работа, или со скратено работно време и сè уште користат парични надоместоци .

Постојните корисници на паричен надоместок до вработување, надоместок на плата за работа на друго работно место и скратено работно време, се корисници кои правото го оствариле пред 1997 година и истите како стекнато право го остваруваат во Фондот.

**Табела бр.7:** Број на корисници на паричен надоместок од 1997-2013 година

| Вид на право година | Чекање на вработување | Скратено раб. време | Помала плата | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1997 | 947 | 1196 | 1616 | 1016 | 4775 |
| 1998 | 946 | 972 | 1501 | 972 | 4391 |
| 1999 | 950 | 837 | 1364 | 910 | 4061 |
| 2000 | 897 | 573 | 1115 | 812 | 3397 |
| 2001 | 893 | 286 | 733 | 724 | 2636 |
| 2002 | 1035 | 200 | 616 | 676 | 2527 |
| 2003 | 1123 | 147 | 332 | 645 | 2247 |
| 2004 | 1180 | 130 | 265 | 488 | 2063 |
| 2005 | 1407 | 90 | 170 | 0 | 1667 |
| 2006 | 1659 | 63 | 106 | 0 | 1828 |
| 2007 | 1768 | 67 | 113 | 0 | 1948 |
| 2008 | 202 | 15 | 8 | 0 | 225 |
| 2009 | 183 | 14 | 9 | 0 | 206 |
| 2010 | 158 | 13 | 6 | 0 | 177 |
| 2011 | 145 | 16 | 10 | 0 | 171 |
| 2012 | 94 | 13 | 9 | 0 | 116 |
| 2013 | 95 | 13 | 9 | 0 | 117 |

Во следната табела графички е прикажано движењето на бројот на корисниците на парични надоместоци по години:




Во 2013 година, за корисниците на парични надоместоци се исплатени средства во износ од 7,08 милиони денари и се на исто ниво со 2012 година каде се исплатени средства во износ од 7,24 милиони денари.

## 5. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување

Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување се осигуреници кај кои настанало губење, посуштествено оштетување или позначителна онеспособеност.

Право на паричен надоместок за телесно оштетување осигуреникот стекнува независно од тоа дали се стекнал и користи некое друго право од пензиското и инвалидско осигурување.

Бројот на корисниците кои примаат паричен надоместок за телесно оштетување во 2013 година изнесуваше 11.153 корисници, од кои 2.008 се корисници на единствено право и 9.145 корисници се со право на пензија. Бројот на корисниците на телесно оштетување во 2013 во однос на 2012 година е намален за 212 корисници или за 1,87%.

## 6. Учество на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ

Учеството на расходите за пензиско и инвалидско осигурување, бруто домашниот производ и нивниот сооднос е дадено во следната табела:

**Табелабр. 8:** Расходи за ПИО, БДП и учество на расходите во БДП

| Година | Вкупни расходи за ПИО | БДП | Учество на расходите за ПИО во БДП |
|---|---|---|---|
| | во милиони денари | | |
| 1990 | 60,87 | 506 | 12,0 |
| 1991 | 104 | 920 | 11,3 |
| 1992 | 1.337 | 11.794 | 11,3 |
| 1993 | 9.412 | 59.165 | 15,9 |
| 1994 | 18.445 | 146.409 | 12,6 |
| 1995 | 18.296 | 169.521 | 10,8 |
| 1996 | 18.925 | 176.444 | 10,7 |
| 1997 | 19.504 | 186.018 | 10,5 |
| 1998 | 20.533 | 194.979 | 10,5 |
| 1999 | 20.681 | 209.010 | 9,9 |
| 2000 | 22.942 | 236.389 | 9,7 |
| 2001 | 24.697 | 233.841 | 10,6 |
| 2002 | 25.889 | 243.970 | 10,6 |
| 2003 | 27.764 | 253.493 | 11,0 |
| 2004 | 29.117 | 258.751 | 11,3 |
| 2005 | 29.029 | 276.989 | 10,5 |
| 2006 | 31.207 | 298.140 | 10,5 |
| 2007 | 32.770 | 333.845 | 9,8 |
| 2008 | 38.733 | 405.014 | 9,6 |
| 2009 | 41.393 | 396.496 | 10,4 |
| 2010 | 42.507 | 425.628 | 10,0 |
| 2011 | 44.306 | 455.387 | 9,7 |
| 2012 | 46.227 | 476.072 | 9,7 |
| 2013 | 50.854 | 474.196 | 10,7 |

Учеството на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во 2013 година изнесува 10,7%.




## III. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ

Во 2013 година, усогласувањето на пензиите се изврши согласно членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и членот 247-а („Сл. весник на РМ“) од Законот за изменување и дополнување на Законот на пензиското и инвалидското осигурување.

Согласно важечките прописи, а според објавените статистички податоци од страна на Државниот завод за статистика за порастот на платите на вработените во Републиката и Објавата за движењето на трошоците на

живот во Република Македонија, пензиите од 1 јануари се усогласија за 1,15% и 0,75% од 1 јули  и дополнителното усогласување од 5% во февруари 2013 година, или вкупното усогласување изнесува 7% .

Усогласувањето на пензиите во периодот од 2001 до 2013 година прикажано е во следниот преглед:

**Табела бр.9:** Извршено усогласување на пензиите од 2001-2013 година

| Година | Усогласување на пензиите на 1 јануари | Усогласувањe на пензиите на 1 јули | Вкупно усогласување |
|---|---|---|---|
| 2001 | 1,79% | - | 1,79% |
| 2002 | 0,63% | 5,90% | 6,56% |
| 2003 | 2,97% | 2,68% | 5,72% |
| 2004 | 0,80% | 0,41% | 1,21% |
| 2005 | - | 0,40% | 0,40% |
| 2006 | 0,48% | 2,18% | 2,67% |
| 2007 | 0,64% | 1,04% | 1,69% |
| 2008* | 13,00% | 7,65% | 21,66% |
| 2009 | 3.50% | 2,02% | 5,59% |
| 2010 | 0,30% | 1,10% | 1,40% |
| 2011 | 0,75% | 2,10% | 2,86% |
| 2012 | 0,31% | 1,40% | 1,71% |
| 2013* | 1,15%+5% од февруари | 0,75% | 7,00% |

*Редовно и дополнително усогласување

Во периодот од 2001 до 2013 година, најголемо зголемување на пензиите имало во 2008 година, поради дополнителното усогласување на пензиите со Одлука на Владата на Република Македонија и во 2013 година со Законот за измена и дополна  на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, што придонесе да се зголеми реалната вредност на пензиите и да се подобри материјалната и социјалната сигурност на корисниците на пензија.

Со извршените усогласувања на пензиите, просечната пензијата во декември 2013 година изнесуваше 11.845,00 денари, и истата во однос на 2012 година во износ од 11.038,00 денари е повисока за 7,3%. Зголемувањето е

резултат на извршените редовни и дополнителното усогласување на пензиите во 2013 година, како и на висината на пензиите на новите корисници на пензија.

Табела бр.10: Просечните пензии по видови, во декември 2012 и 2013 година изнесуваат и тоа:

| Вид на пензија | 2012 | 2013 | Индекс |
|---|---|---|---|
| | во денари | | |
| Старосна пензија | 12.437 | 13.287 | 106,8 |
| Инвалидска пензија | 9.934 | 10.597 | 106,7 |
| Семејна пензија | 8.634 | 9.270 | 107,4 |
| Земјоделска пензија | 3.950 | 4.948 | 125,3 |
| Воена пензија | 18.096 | 19.175 | 106,0 |
| ВКУПНО | 11.038 | 11.845 | 107,3 |




Соодносот на исплатената просечната пензија во декември 2013 година (без воени и земјоделски пензии) од 11.819,00 денари и просечната плата

исплатена за декември 2013 година во износ од 21.500,00 денари во Републиката, изнесува 55%, а соодносот на старосната пензија во износ од 13.287,00 денари во однос на просечната плата изнесува 61,8%.

Просечната исплатена пензија заедно со воените и минималните земјоделски пензии во декември 2013 година изнесува 11.845 денари и во однос на просечната плата изнесува 55,09, и тоа: 13.287,00 денари старосна пензија, 10.597,00 денари инвалидска пензија и 9.270,00 денари семејна пензија.

**Табела бр.11:** Учество на пензиите во просечната нето плата:

| Година | Старосна пензија | Инвалидска пензија | Семејна пензија | Вкупна пензија |
|---|---|---|---|---|
| 2001 | 70,8 | 53,5 | 50,6 | 61,7 |
| 2002 | 69,1 | 52,5 | 49,1 | 60,2 |
| 2003 | 70,4 | 53,7 | 49,9 | 61,4 |
| 2004 | 67,8 | 51,9 | 48,1 | 59,3 |
| 2005 | 64,9 | 49,9 | 45,9 | 56,9 |
| 2006 | 63,3 | 48,7 | 44,4 | 55,5 |
| 2007 | 57,6 | 44,4 | 40,2 | 50,5 |
| 2008 | 62 | 49,3 | 44,6 | 55 |
| 2009 | 55,4 | 44,3 | 39,7 | 49,1 |
| 2010 | 54,1 | 42,9 | 38,3 | 47,9 |
| 2011 | 56,5 | 44,5 | 39,6 | 49,9 |
| 2012 | 57,9 | 46,3 | 40,2 | 51,3 |
| 2013 | 61,8 | 49,29 | 43,12 | 55,0 |

Учеството на сите видови пензија во однос на просечната исплатена нето плата по работник, во 2013 во однос на 2012 година, е зголемена од 51,3% на 55,0%.

Табела бр.12: Структура на корисниците на пензија по групи на износи на пензии

| Групи на износ | Семејни | Структура | Инвалидски | Структура | Старосни | Структура | Земјоделски | Структура | Воени | Структура | Вкупно | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во денари | | % | | % | | % | | % | | % | | |
| до 6.562,00 | 9.020 | 11,7 | 3.136 | 7,3 | 10.825 | 6,4 | 874 | 99,3 | 1 | 0,1 | 23.856 | 8,2 |
| 6.562,00 - 8.900,00 | 38.397 | 49,9 | 14.832 | 34,7 | 27.749 | 16,4 | 6 | 0,7 | 0 | 0,0 | 80.984 | 27,8 |
| 8.900,00 - 15.000,00 | 23.723 | 30,8 | 19.136 | 44,8 | 77.256 | 45,6 | 0 | 0,0 | 378 | 20,7 | 120.493 | 41,3 |
| 15.000,00 - 24.000,00 | 5.153 | 6,7 | 5.013 | 11,7 | 43.146 | 25,5 | 0 | 0,0 | 1215 | 66,5 | 54.527 | 18,7 |
| 24.000,00 - 34.462,00 | 614 | 0,8 | 559 | 1,3 | 8.948 | 5,3 | 0 | 0,0 | 211 | 11,5 | 10.332 | 3,5 |
| над 34.462,00 | 104 | 0,1 | 65 | 0,2 | 1.438 | 0,8 | 0 | 0,0 | 22 | 1,2 | 1.629 | 0,6 |
| Вкупно | 77.011 | 100,00 | 42.741 | 100,0 | 169.362 | 100,0 | 880 | 100,0 | 1827 | 100,0 | 291.821 | 100,0 |

Од 289.114 корисници на пензија, 22.981 корисник, или 7,9% примаат пензија до 6.562,00 денари, што преставува најнизок износ на пензија од трета група на најниските износи на пензија, 80.978 корисници на пензија примаат од 6.562,01 до 8.900,00 денари, што претставува највисок износ од прва група на најниските пензии, односно 120.115 корисници на пензија или 41,5% примаат пензија во висина до 15.000,00 денари што преставува највисок износ од прва група на пензија од најниските пензии.

Табела бр.13: Број на корисници на пензија кои примаат пензија под гарантираниот најнизок износ на пензија од 6.562,00 денари, поради примање на сразмерен дел од други држави, по групи на износи.

| Групи на износи денари | Корисници | Структура | Кумулатив корисници | Кумулатив структура |
|---|---|---|---|---|
| до 500,00 | 21,00 | 0,1 | 21 | 0,1 |
| 500,01-1.000,00 | 1.128,00 | 6,9 | 1.149 | 7,0 |
| 1.000,01-1,500,00 | 2.386,00 | 14,6 | 3.535 | 21,6 |
| 1,500,01-,2000,00 | 2.067,00 | 12,7 | 5.602 | 34,3 |
| 2,000,01-2,500,00 | 1.670,00 | 10,2 | 7.272 | 44,5 |
| 2.500,01-3.000,00 | 1.506,00 | 9,2 | 8.778 | 53,7 |
| 3.000,01-3.500,00 | 1.226,00 | 7,5 | 10.004 | 61,2 |
| 3.500,01-4.023,50 | 1.141,00 | 7,0 | 11.145 | 68,2 |
| 4.000,01-4.500,00 | 1.101,00 | 6,7 | 12.246 | 75,0 |
| 4.500,01-5.000,00 | 1.041,00 | 6,4 | 13.287 | 81,3 |
| 5.000,01-5.500,00 | 1.033,00 | 6,3 | 14.320 | 87,7 |
| 5.500,01-6.000,00 | 912,00 | 5,6 | 15.232 | 93,2 |
| 6.000,01<6.562,00 | 1.104,00 | 6,8 | 16.336 | 100,0 |
| **Вкупно** | **16.336,00** | 100,0 | | |

Табела бр.14. Висина и број на корисници на најнизок износ на пензија од трета група.

| Година | Најнизок износ на пензија (денари) | Корисници на најнизок износ на пензија од трета група |
|---|---|---|
| 2000 | 3.362,00 | 16.761 |
| 2001 | 3.422,00 | 19.436 |
| 2002 | 3.647,00 | 20.565 |
| 2003 | 3.856,00 | 20.809 |
| 2004 | 3.903,00 | 21.173 |
| 2005 | 3.918,00 | 21.577 |
| 2006 | 4.023,00 | 22.142 |
| 2007 | 4.091,50 | 22.102 |
| 2008 | 5.262,00 | 22.342 |
| 2009 | 5.556,00 | 22.575 |
| 2010 | 5.634,00 | 22.357 |
| 2011 | 5.795,50 | 23.841 |
| 2012 | 5.895,00 | 22.534 |
| 2013 | 6.562,00 | 16.336 |

Учеството на корисниците на најнизок износ на пензија во 2013 година (16.336) во однос на вкупниот број на корисници на пензија (291.821), изнесуваше 5,6%, а во 2012 година изнесува 7,9%, што укажува на фактот дека е намалено учеството на корисниците на најнизок износ на пензија, кој се гарантира за корисниците на пензија кои пензијата ја остваруваат со најмал пензиски стаж.

## IV. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ

Со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2013 година, како и со измените и долнувањето на Буџетот на Фондот, како составен дел на Буџетот на Републиката, планирано беше финансиското работење на Фондот да се оствари со избалансирани приходи и расходи. Како основ за остварување на баланс помеѓу приходите и расходите беа макроекономските индикатори за зголемување на приходите од придонесите за 4,3% (3,3% од предвидениот пораст на платите и 1,0% пораст на вработеноста), како и обезбедување средства од Буџетот на Републиката за редовните законски обврски, за транзиционите трошоци и покривање на дефицитот на Фондот. Порастот на плати на вработените, како најзначаен фактор од кој се пресметува и плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и порастот на вработеноста, е од битно влијание за остварување на висината на приходите на Фондот. Во делот на расходите беше проектирана редовна исплата на пензиите и зголемување од 5% од декември 2012 година, законско усогласување од 1 ви јануари 2013година од 1,12% и 1,77% од 1 ви јули 2013 година и пораст на бројот на корисниците на пензија од 1% на годишно ниво.

На финансиското работење на Фондот влијаеше и примената на стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, како и

преземените мерки на Фондот за наплата на заостанатите неплатени придонеси заклучно со 2008 година.

Стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување во 2013 година изнесуваше 18%, согласно Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување и истата имаше влијание врз остварувањето на приходите од придонесите на Фондот.

Фондот и во 2013 година преземаше мерки за максимална наплата на заостанатите придонеси за периодот до 31.12.2008 година, за што беше изработен Акционен план со целосно утврдување на неплатениот придонес, блокирање на сметките на обврзниците кои не го платиле придонесот, како и овозможено плаќање на повеќе пати на заостанатите неплатени придонеси. До обврзниците кои не го платиле заостанатиот придонес беа доставувани записници, решенија за задолжување и блокирање на сметките. Како резултат на преземените активности на Фондот и Владата на Република Македонија, во 2013 година беше донесен Закон за отпис на камати на достасани обврски по основ на придонеси од социјално осигурување. Согласно овој закон, обврзниците можеа да го платат неплатениот придонес за ПИО до 31.12.2008 година, заклучно со 30.11.2013 година. Од вкупно поднесените барања од страна на обврзниците за неплатен придонес согласно Законот за отпис на камати по достасани обврски за придонеси од социјално осигурување, беа наплатени 273,33 милиони денари, а беа отпишани 255,52 милиони денари на име камати по основ на ненавремено плаќање на придонесот за ПИО, со што обврзниците добија поволни услови и беа ослободени од камати.

Од преземените мерки во делот на наплатата на заостанатите неплатени придонеси за периодот до 31.12.2008 година, наплатени се средства во износ од над 468,88 милиони денари.

Исто така, со Заклучок на Владата на Република Македонија, а согласно Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на

јавни давачки во траен влог за Фабриката за шински возила ”Велес” ДООЕЛ Велес, во декември 2013 година, уплатени се средства во износ од 8,34 милиони денари на име придонес за ПИО и 7,4 милиони денари за камата по основ на ненавремено плаќање на придонесите од плата.

Со средствата што се оствarија од придонесите, како и со дозначените средства од Буџетот на Републиката, од продажбата на акции и удели со кои располага Фондот, од приходите од акцизи и другите неданочни приходи, Фондот во 2013 година оствари вкупни приходи во износ од 51.070,23 милиони денари. Со овие и со пренесените средства од 2012 година (542,09 милиони денари), Фондот изврши вкупни расходи во износ од 50.854,76 милиони денари.

Фондот во 2013 година, редовно ја вршеше исплатата на пензиите во воспоставените рокови, во првата недела од месецот за претходниот месец, со користење и на позајмица од Буџетот на Републиката, која ја враќаше по исплатата на пензиите и акумулирањето на средствата од придонесите.

Вкупните приходи на Фондот во однос на планираните средства со Буџетот на Фондот за 2013 година, се повисоки за 1%, а во споредба со 2012 година истите се повисоки за 10,2%, заради зголемените трансферни средства за покривање на тековниот дефицит, додека вкупните расходи се на ниво на планираните средства со Буџетот, а во споредба со 2012 година истите се повисоки за 10%.

## 1. Приходи на Фондот

**Вкупните приходи** на Фондот во износ од 51.070,23 милиони денари се остварени од следните извори на финансирање:

- **од изворни приходи** (придонес од плата, бенефициран стаж, придонес од физички лица кои самостојно вршат дејност и вработени кај нив, како и од индивидуални земјоделци и Агенцијата за вработување) се остварени средства во износ од 28.706,74 милиони денари или 56,2% од вкупните приходи,

- **средствата од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 21.060,83 милиони денари, или 41,2% од вкупните приходи,

- **од акцизи** се остварени средства во износ од 870,16 милиони денари, или 1,7% од вкупните приходи,

- **од дивиденда** се остварени средства во износ од 2,25 милиони денари и **од продажба на акции и удели** се остварени средства во износ од 287,56 милиони денари, или вкупно 289,81 милиони денари кои во однос на вкупните приходи изнесуваат 0,6%.

- **од други приходи** се остварени средства во износ од 142,69 милиони денари, или 0,3% од вкупните приходи.

**Придонесот од плата** се пресметува и плаќа по стапка од 18% на бруто платата и е основен извор за финансирање на Фондот. Уплатените придонеси Фондот ги распределува меѓу Првиот и Вториот пензиски столб. Распределбата на придонесот во 2013 година меѓу Првиот и Вториот столб со стапување во сила на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, од 08.08.2012 година, се утврди фиксна стапка на придонес за првиот столб од 12%, а за Вториот столб од 6%.

Во 2013 година од придонесот од плата, остварени се средства во износ од 27.557,10 милиони денари и истите во однос на планираните со Буџетот на Фондот бележат пораст од 0,6%, или 355,47 милиони денари, а во споредба со 2012 година се повисоки за 3,6%, или 969,13 милиони денари. Учеството на придонесот од плата во вкупните приходи изнесува 54,0%. На зголемувањето на придонесот од плата во 2013 година, има влијание и наплатата на заостанатите придонеси, заклучно со 31.12.2008 година, во износ од над 461,88 милиони денари, како резултат на донесениот Закон за отпис на каматите на достасаните обврски по основ на придонесите од социјално осигурување („Сл.весник на РМ“ 26/2013 година), со кој по основ на поднесени барања од страна на обврзниците се наплатени 273,33 милиони денари од вкупно

наплатените 461,88 милиони денари и 182,55 милиони денари од зголемените активности на Фондот за наплата на истите.

Во декември 2013 година, од Буџетот на Републиката, а согласно Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог за Друштвото Фабрика за шински возила “Велес” од Велес, а согласно донесените заклучоци на Владата на Репубика Македонија, уплатени се на име придонес за пензиско и инвалидско осигурување средства во износ од 8,34 милиони денари и 7,40 милиони денари камата за ненавремена уплата на придонесите за плата, така што приходот од придонес од плата е зголемен и по тој основ.

Придонесот од плата по месеци во 2013 и 2012 година се движи според следната динамика:

**Табела бр.15:** Придонес од плата по месеци

| Месеци | Наплатени придонеси | | Индекс | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| | 2013 | 2012 | | |
| Јануари | 1.829,27 | 1.758,94 | 104,0 | 70,33 |
| Февруари | 2.231,00 | 2.188,83 | 101,9 | 42,17 |
| Март | 2.227,55 | 2.198,23 | 101,3 | 29,32 |
| Април | 2.532,99 | 2.250,13 | 112,6 | 282,86 |
| Мај | 2.075,96 | 2.240,46 | 92,7 | -164,50 |
| Јуни | 2.146,03 | 2.118,16 | 101,3 | 27,87 |
| Јули | 2.451,45 | 2.259,96 | 108,5 | 191,49 |
| Август | 2.220,80 | 2.185,64 | 101,6 | 35,16 |
| Септември | 2.245,12 | 2.231,33 | 100,6 | 13,79 |
| Октомври | 2.327,86 | 2.241,60 | 103,8 | 86,26 |
| Ноември | 2.520,41 | 2.315,09 | 108,9 | 205,32 |
| Декември | 2.748,66 | 2.599,60 | 105,7 | 149,06 |
| **Вкупно** | **27.557,10** | **26.587,97** | **103,6** | **969,13** |

Од табелата се гледа дека придонесот од плата во 2013 во однос на 2012 година, е повисок за 3,6%, а по месеци има поголемо остварување во април, јули и ноември 2013 година.

**Приходите од придонесот од доходот** (341,60 милиони денари), **приходите од физичките лица што вршат дејност и вработените кај нив** (672,82 милиони денари), како и од **индивидуалните земјоделци** (84,46) милиони денари), се остварени во износ од 1.098,88 милиони денари и нивното учество во вкупните приходи изнесува 2,2%.

**Приходите од Агенцијата за вработување** се дозначуваат по основ на придонесот за невработени лица кои примаат паричен надоместок. Во 2013 година, по овој основ, се дозначени средства во износ од 50,76 милиони денари и истите во споредба со 2012 година (84,25 милиони денари) се пониски за 33,49 милиони денари, или за 39,8%, а нивното учество во вкупните приходи на Фондот изнесува само 0,1%. Овие средства, од година во година, се намалуваат поради намалување на бројот на лицата за кои се плаќа придонес, поради измена на законските прописи да се плаќа придонес само за лицата кои немаат 15 години пензиски стаж.

**Приходите од акцизите** се остварени во износ од 870,16 милиони денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 1,7%. Овие приходи се пресметуваат по стапка од 9,18% од нафтените деривати. Во споредба со 2012 година приходите од акцизите повисоки се за 2,2%, а во однос на планираните зголемени се за 1,2%.

**Трансферните средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 21.060,83 милиони денари и истите се во рамките на планираните средства со Буџетот на Фондот (99,8%), а во споредба со остварените приходи во 2012 год. (17.503,34 милиони денари) повисоки се за 20,3%. Дозначените средства се однесуваат, и тоа:

- 3.413,33 милиони денари за законски обврски (за корисници на минимални земјоделски пензии, воени пензии, борци пред и по 9.9.1943 година, корисници на товар на Републиката, учители, корисници во КПД, како и за исплата на разлики по основ на усогласувањето од 8% за изминат период согласно пресудата на Врховниот суд на РМ),

- 4.200,00 милиони денари за транзициони трошоци,

- 13.350,93 милиони денари за покривање на тековен дефицит,

- 93,57 милиони денари трансфер од Министерството за одбрана и

- 3, 00 милиони денари за покривање на патните трошоци за бањите.

Учеството на приходите од Буџетот на Републиката во вкупните приходи на Фондот изнесува 41,2%, а учеството на тековниот дефицит во вкупниот трансфер изнесува 63,4% и истиот бележи пораст од година во година. Средствата од Буџетот на Републиката е втор по големина приход и претставува значајна ставка во финансирањето на пензиското и инвалидско осигурување. Приходите од Буџетот на Републиката редовно се дозначуваа, по претходно доставени месечни пресметки од страна на Фондот.

**Приходи од дивиденда и од продажба на акции и удели** во 2013 година се остварени во износ од 289,81 милиони денари и тоа:

- **Од дивиденда** се остварени средства во износ од 2,25 милиони денари,

- **Од продажба на акции и удели** се остварени средства во износ од 287,56 милиони денари, и истите се повисоки и со планираните средства со Буџетот на Фондот за 6,5% и во споредба со остварените средства во 2012 година за 241,4%.

- **Од другите приходи** остварени се средства во износ од 142,69 милиони денари и истите се пониски за 5% во споредба со планираните, а во однос на 2012 година за 4,7%, во најголем дел заради помалиот износ на

приходи по основ на оштетни побарувања од поранешните ЈУ-републики.

Структурата на приходи е следна:




Според структурата на приходите, во вкупните приходи најголемо е учеството на придонесот од плата со 54,0%, од Буџетот на Републиката со учество од 41,2%, или по двата основа учеството на приходите изнесува 95,2%, додека од сите останати приходи остварените средства учествуваат со 4,8% во вкупните приходи.

**Табела бр.16:** Остварените и планираните приходи на Фондот во 2013 година :

| Ред. Број | Вид на приход | Буџет за 2013 год. | Остварено I-XII 2012 | Остварено I-XII 2013 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Придонес од плата | 27.392,57 | 26.587,97 | 27.557,10 | 100.6 | 103,6 |
| 2 | Придонес од доход | 341 | 346,21 | 341,6 | 100,2 | 98,7 |
| 3 | Приватен сектор | 691 | 651,03 | 672,82 | 97,4 | 103,3 |
| 4 | Индивидуални земјоделци | 80 | 74,59 | 84,46 | 105,6 | 113,2 |
| 5 | Приходи од Агенцијата за вработување | 57 | 84,25 | 50,76 | 89,1 | 60,2 |
| | Вкупно придонеси | 28.561,57,00 | 27744,05 | 28706,74 | 100,5 | 103,5 |
| 6 | Приходи од акцизи | 875 | 851,03 | 870,16 | 99,4 | 102,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Трансфер од Буџет на Републиката | 21.092,00 | 17.503,34 | 21.060,83 | 99,90 | 120,30 |
| 8 | Други приходи | 150 | 149,65 | 142,69 | 95,1 | 95,3 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 5 | 3 | 2 | 45 | 65 |
| 10 | Приходи од продажба на хартии од вредност | 270 | 119,12 | 287,56 | 106,5 | 241,4 |
| | **Вкупни приходи** | **50.953,57** | **46.370,63** | **51.070,23** | **100** | **110** |

## 2. Расходи на Фондот

Со Буџетот на Фондот за 2013 година, во делот на расходите согласно макроекономските индикатори, беше проектирана редовна исплата на пензиите и зголемување на истите од 5% од декември 2012 година, законско усогласување од 1-ви јануари 2013 од 1,12% и 1,77% од 1-ви јули 2013 година, како и пораст на бројот на корисниците на пензија од 1% на годишно ниво.

Вкупните расходи на Фондот во 2013 година изнесуваат 50.854,76 милиони денари и истите се на ниво на планираните со Буџетот на Фондот, а се повисоки за 10,0% во однос на извршените расходи во 2012 година.

Расходите на Фондот се однесуваат, и тоа:

- **Расходите за исплата на пензиите** изнесуваат 40.812,95 милиони денари (40.328,26 милиони денари за редовни пензии, 426,09 милиони денари за воени пензии и 58,60 милиони денари за земјоделски пензии), или 80,3% од вкупните расходи.

- **Придонесот за здравствено осигурување** за корисниците на пензија изнесува 5.359,18 милиони денари и истиот во вкупните расходи учествува со 10,5%. Расходите за исплатените пензии заедно со придонесот за здравствено осигурување изнесува 46.172,13 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 90,8%,

- **Расходите за исплата на надоместоците од инвалидско осигурување, интернатското сместување на деца инвалиди и телесното оштетување** изнесуваат 100,57 милиони денари, или 0,2% од вкупните расходи.

Надоместоците од инвалидското осигурување изнесуваат 7,08 милиони денари и истите во споредба со расходите од 2012 година се намалени за 2,2%, како резултат на измените на законските прописи според кои овие надоместоци се трансформираа во инвалидска пензија, а има еден нов корисник со право на професионална рехабилитација. Надоместокот за телесно оштетување изнесува 92,16 милиони денари, а за интернатско сместување 1,33 милиони денари.

- **Трансферот на средствата за приватни пензиски фондови** во 2013 година изнесуваат 4.141,29 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 8,14%. Овие расходи се на ниво на планираните средства со Буџетот на Фондот (98,6%), а за 15,1% се повисоки во споредба со 2012 година, поради зголемување на членовите во приватните пензиски фондови. Бројот на осигурениците-членови во приватните пензиски фондови, на крајот од 2012 година, изнесуваше 324.480 (состојба 31.12.2012 година) и истиот на 31.12.2013 година изнесуваше 350.040 членови, или повеќе за 26.560 членови, поради задолжителното зачленување во приватните пензиски фондови на сите нововработени. Овие средства се надоместуваат од Буџетот на Републиката.

- **Платите на вработените во Стручната служба** на Фондот во 2013 година изнесуваат 247,34 милиони денари, или 0,5% во однос на вкупните расходи. Извршените расходи за платите на вработените во Стручната служба се на ниво на планираните средства (98,9%), а во споредба со 2012 година се пониски за 4,0% поради исполнување на услови на пензија на вработените, а дел од нив го напуштиле Фондот и упразнетите места не се пополнети, согласно антикризните мерки на Владата на Република Македонија, со кои не се дозволува пополнување на упразнетите работните места за пензионираните работници од Фондот. Бројот на вработените со состојба декември 2013 година, изнесува 654 вработени.

- **Другите расходи** во 2013 година се извршени во износ од 176,67 милиони денари, или 0,3% во однос на вкупните расходи. Овие трошоци во однос на планираните се извршени со 98,4%, и во споредба со извршените од 2012 година се повисоки за 9,5% , а заради извршената пренамена на средства за плаќање на обврските за комунални услуги се пренесени за плаќање од 2012 година.

- **Капиталните трошоци** се извршени во износ од 6,01 милиони денари, кои во споредба со планираните средства за оваа намена во износ од 6,03 милиони денари, преставуваат извршување од 100%. Во 2013 година, овие средства се потрошени за купување на информатичка и канцелариска опрема.

- **Трошоците за реконструкција на деловните објекти** се извршени во износ од 9,28 милиони денари, и тоа, за реконструкција на објектите во Скопје и Делчево, во домовите за живеење на корисниците на пензија во Крива Паланка, Чаир и Ѓорче Петров.

- **Купување на моторно возило** – набавено е едно моторно возило за потребите на Фондот по добиена согласност од Владата на Република Македонија во износ од 1,47 милиони денари.

Структурата на расходите е следна:




**Табела бр.17:** Вкупните расходи на Фондот дадени се во следната табела:

| Ред. Број | Вид на расход | Буџет за 2013 год. | Остварено I-XII 2012 | Остварено I-XII 2013 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Вкупно пензии | 40.830,07 | 37.292,59 | 40.812,95 | 100 | 109,4 |
| 2 | Плаќ.по основ на задол.кап.осиг. | 4.200,00 | 3.599,49 | 4.141,29 | 98,6 | 115,1 |
| 3 | Надоместоци од инвалидско осигурување | 111,00 | 100,65 | 100,57 | 90,6 | 99,9 |
| 4 | Придонес за здраствено осигурување | 5.366,00 | 4.798,82 | 5.359,18 | 99,9 | 111,7 |
| 5 | Плати и надоместоци | 250,00 | 257,28 | 247,34 | 98,9 | 96,1 |
| 6 | Други расходи, капитални трошоци и реконструкција на деловни објекти | 196,50 | 177,93 | 193,43 | 98,4 | 108,7 |
| | Вкупни расходи | 50.953,57 | 46.226,76 | 50.854,76 | 99,8 | 110 |

Табела бр. 18: Движење на приходите по години во милиони денари

| Година | Изворни приходи | Агенција за вработување | Буџет | Акцизи | Други приходи | Дивиденда | Продажба на акции | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1994 | 13.598,92 | 35,78 | 2.944,61 | 835,15 | 79,82 | | | 17.494,28 |
| 1995 | 14.012,00 | 274,81 | 2.830,00 | 857,5 | 36,56 | | | 18.010,87 |
| 1996 | 13.644,78 | 535,43 | 3.289,00 | 778,87 | 31,46 | 47,18 | | 18.326,72 |
| 1997 | 13.735,57 | 816,26 | 3.516,00 | 731,02 | 32,02 | 48,38 | | 18.879,25 |
| 1998 | 14.500,28 | 967,72 | 3.618,57 | 693,86 | 120,87 | 49,94 | 569,48 | 20.520,72 |
| 1999 | 15.979,18 | 863,91 | 3.266,07 | 633,24 | 43,05 | 68,68 | 177,52 | 21.031,65 |
| 2000 | 16.662,36 | 1.100,07 | 4.174,42 | 802,07 | 88,22 | 53,86 | 15,55 | 22.896,55 |
| 2001 | 16.419,97 | 1.126,48 | 5.744,48 | 716,09 | 75,58 | 39,44 | 167,54 | 24.289,58 |
| 2002 | 16.535,92 | 1.403,34 | 6.960,91 | 687,83 | 29,2 | 19,68 | 172,51 | 25.809,39 |
| 2003 | 17.651,84 | 1.536,13 | 7.740,95 | 677,04 | 80,13 | 20,98 | 20,63 | 27.727,70 |
| 2004 | 18.034,17 | 1.718,70 | 8.486,44 | 660,97 | 56,09 | 20,6 | 50,91 | 29.027,88 |
| 2005 | 18.339,08 | 1.549,89 | 8.255,08 | 659,14 | 62,74 | 18,13 | 27,65 | 28.911,71 |
| 2006 | 19.948,52 | 1.219,77 | 9.370,85 | 661 | 223,75 | 22,75 | 962,6 | 32.409,24 |
| 2007 | 21.914,23 | 864,98 | 10.378,52 | 681,04 | 151,89 | 5,88 | 56,71 | 34.053,25 |
| 2008 | 25.581,91 | 773,58 | 10.181,99 | 717,4 | 247,71 | 21,48 | 97,63 | 37.621,70 |
| 2009 | 26.279,53 | 256,49 | 14.020,85 | 744,49 | 194,11 | 19,41 | 74,64 | 41.589,52 |
| 2010 | 26.137,49 | 163,9 | 14.218,12 | 787,57 | 112,17 | 10 | 40,78 | 41.470,03 |
| 2011 | 26.890,36 | 122,19 | 15.704,97 | 813,77 | 122,23 | 7,22 | 276,35 | 43.937,09 |
| 2012 | 27.659,80 | 84,25 | 17.503,34 | 851,03 | 149,65 | 3,44 | 119,12 | 46.370,63 |
| 2013 | 28.655,98 | 50,76 | 21.060,83 | 870,16 | 142,69 | 2,25 | 287,56 | 51.070,23 |

Вкупните приходи во 2013 година, во однос на 1994 година, се зголемени за 291,93%, а средствата од Буџетот на Републиката за 715,23%. Приходите од Агенцијата за вработување драстично се намалени од 2009 година, поради измена на законските прописи во однос на стекнување на правото, како и во однос на основиците и процентот на пресметки за остварување.

Во следниот графикон е прикажано движењето на приходите по години:




Табела бр.19: Движење на расходите по години

| Година | Пензии | Надоместоци од инвалидско осигурување | Придонес од здравство | Стручна служба | Други капитални расходи | Транзицион и трошоци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1994 | 15.404,40 | 391,66 | 2.102,03 | 118,77 | 427,72 | | 18.444,58 |
| 1995 | 15.684,34 | 204,11 | 2.082,07 | 127,20 | 198,97 | | 18.295,69 |
| 1996 | 16.223,17 | 185,26 | 2.217,54 | 128,43 | 170,61 | | 18.925,01 |
| 1997 | 16.694,20 | 179,22 | 2.292,43 | 128,33 | 209,89 | | 19.504,07 |
| 1998 | 17.730,56 | 177,48 | 2.320,67 | 130,17 | 174,52 | | 20.533,40 |
| 1999 | 17.757,99 | 177,80 | 2.450,13 | 132,14 | 163,53 | | 20.681,29 |
| 2000 | 19.745,20 | 173,44 | 2.674,37 | 142,03 | 206,53 | | 22.941,57 |
| 2001 | 21.282,34 | 170,19 | 2.800,73 | 153,37 | 290,23 | | 24.696,86 |
| 2002 | 22.252,52 | 179,85 | 2.927,64 | 164,82 | 352,59 | | 25.880,42 |
| 2003 | 24.028,33 | 182,89 | 3.183,98 | 171,41 | 197,74 | | 27.764,35 |
| 2004 | 25.108,05 | 189,07 | 3.349,18 | 168,89 | 301,62 | | 29.116,81 |
| 2005 | 24.970,08 | 199,61 | 3.416,82 | 171,73 | 272,67 | | 29.028,91 |
| 2006 | 25.410,57 | 224,98 | 3.582,45 | 177,17 | 486,40 | 1.325,14 | 31.206,70 |
| 2007 | 26.305,27 | 247,79 | 3.714,03 | 240,33 | 385,13 | 1.877,00 | 32.769,55 |
| 2008 | 30.953,74 | 115,58 | 4.367,89 | 256,16 | 549,24 | 2.490,53 | 38.733,14 |
| 2009 | 33.537,64 | 107,53 | 4.290,57 | 264,64 | 260,39 | 2.932,20 | 41.392,97 |
| 2010 | 34.437,32 | 103,52 | 4.338,25 | 251,55 | 203,89 | 3.172,93 | 42.507,46 |
| 2011 | 35.751,31 | 101,65 | 4.524,32 | 273,81 | 172,07 | 3.482,61 | 44.305.77 |
| 2012 | 37.292,59 | 100,65 | 4.798,82 | 257,28 | 177,93 | 3.599,49 | 46.226,76 |
| 2013 | 40.812,95 | 100,57 | 5.359,18 | 247,34 | 193,43 | 4.141,29 | 50.854,76 |

Во периодот од 1994 до 2013 година, исто така, се зголемуваа и расходите, како резултат на зголемувањето на бројот на корисниците на пензија и извршеното усогласување на пензиите.

Расходите за исплата на пензиите во 2013 година, изнесуваа 40.812,95 милиони денари и во споредба со 1994 година се зголемени за 264,9%, расходите за плати на вработените се зголемени за 208,2%, а другите расходи бележат намалување, додека вкупните расходи во споредба со 1994 година се зголемени за 275,7%. Од 2006 година, согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, во Фондот започнаа да се реализираат расходи по основ на пренесување средства во приватните пензиски фондови за придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за членовите кои пристапиле во приватните пензиски фондови. Овие расходи се зголемени од 1.325,14 милиони денари во 2006 година на 4.141,29 милиони денари во 2013 година, или за 312,5%, заради зголемениот број на членови.

Во следниот графикон е прикажано движењето на расходите по години:



## 3. Финансиски резултат

Во 2013 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 51.070,23 милиони денари, а вкупните расходи изнесуваа 50.854,76 милиони денари. Вкупните приходи во споредба со 2012 година се повисоки за 10,1%, а расходите за 10%, и во споредба со планираните средства и приходите и расходите се на ниво на планираните со Буџетот на Фондот за 2013 година.

Во 2013 година, Фондот оствари вишок на приходи над расходите во износ од 215,47 милиони денари.

Со остварените приходи од придонесите и средствата од Буџетот на Републиката, како и од останатите приходи, Фондот во 2013 година редовно ја вршеше исплатата на пензиите во утврдениот период во првата недела од месецот за претходниот месец, со користење на позајмица од Буџетот на Републиката, која редовно ја враќаше по исплатата на пензиите и акумулирањето на средствата од приходите.

## 4. Акции и удели

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, согласно член 19 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, поседува акции и удели во претпријатијата што се трансформираат.

Врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Уредбата за постапката за продажба на акциите и уделите од вкупниот капитал стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Сл.весник на РМ" бр.105/2010 и 12/2012) и Критериумите за продажба

на акциите и уделите стекнати врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на предлог на Комисијата за акции и удели носи одлуки за продажба на акциите и уделите.

Во текот на 2013 година, беа донесени три одлуки за продажба, и тоа: една одлука за продажба на акциите од едно Друштво по пат на прифаќање на понудата за откуп на акции, која беше донесена во март и две одлуки за продажба на уделите на Фондот, од кои едната беше донесена во март, а другата во мај.

На Македонската берза во 2013 година се спроведени 8 јавни берзански аукции, на кои беа продадени акциите и уделите од 66 друштва. Од продажбата на акциите по пат на прифаќање на понудата за откуп на акции и од продажбата на акциите и уделите на берзанските аукции, се остварија приходи во вкупен износ од 287,56 милиони денари. Притоа, за 17,56 милиони денари, или за 6,45% беа надминати предвидените средства во Буџетот на Фондот за 2013 година кои беа утврдени во износ од 270.000.000 денари.

Во текот на 2013 година, согласно член 193 став 7 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Фондот за извршените продажби на акциите и уделите од вкупниот капитал стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, до Управниот одбор и до Владата на Република Македонија редовно доставуваше информации.

## 5. Наплата на заостанатите ненаплатени придонеси

Со измената на законската регулатива од 2009 година и преминувањето на надлежноста за наплата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и контролата на неплатените придонеси во Управата за јавни приходи, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на

Македонија, остана надлежноста за наплата на заостанатите долгови заклучно со 31.12.2008 година, како и можноста за дополнителна контрола на утврдувањето на податоците за придонесите, согласно утврдените сопствени потреби.

Стручната служба на Фондот, врз основа на состојбата со неплатените придонеси на обврзниците, води постапка за наплата на неплатените придонеси само на активните обврзници согласно законската регулатива, додека за пасивните (ликвидирани) обврзници не води постапка, бидејќи од истите не може да го наплати придонесот, а за обврзниците над кои се отворени стечајни постапки за неплатениот придонес заклучно со 31.12.2008 година, Фондот поднесува пријава на побарување во стечајна постапка.

Стручната служба на Фондот во 2013 година имаше многубројни активности за наплата на заостанатите неплатени придонеси од обврзниците кои се активни и имаат долгови до 31.12.2005 година и од 1.1.2006 до 31.12.2008 година. Извршени се повторни контроли за да се утврди точниот износ на неплатениот придонес, а посебно да се утврди неплатениот износ на придонесот, согласно податоците добиени од матичната евиденција за периодот за кој не е утврден пензискиот стаж на осигуреникот и посебно за стажот до 31.12.2005 година.

Со извршените контроли, точно се утврдени вкупните износи на побарувањата за неплатен придонес и вкупниот број на субјекти-обврзници за плаќање на истиот, кој заклучно со 31.12.2012 година изнесуваше 10.585.089.743,00 денари.

Во текот на 2013 година, Фондот водеше постапка за наплата на заостанатите придонеси до 2008 година, и тоа како по редовен, така и по присилен пат и е наплатен придонес и камата за ненавремено плаќање на придонесот, средства во износ од 461,88 милиони денари, што е за 218,88

милиони денари повеќе во однос на 2012 година кога е наплатен придонесот од 243,00 милиони денари.

Од овие средства, 273,33 милиони денари се однесуваат за целосна наплата на долгот по основ на заостанат придонес од 830 субјекти по основ на донесениот Закон за отпис на камати на достасани обрски по основ на придонеси од социјално осигурување, додека останатиот дел од 188,55 милиони денари е како резултат на зголемените активности на Фондот за наплата на истите до 31.12.2013 година.

Од извршените анализи, констатирано е дека долгот на обврзниците се движи од 500.000 до над еден милион денари. Најголем број на обврзници се со долг до 100.000 денари, а помал е бројот со неплатен долг од над 1.000.000 денари.

Во 2013 година, на иницијатива на Фондот, донесени се измени во Законот за стечај и Правилникот за авансирање на трошоците на стечајните постапки, со кој се намалени трошоците за авансирање на стечајните постапки по поднесен предлог за стечај .

По иницијатива на Фондот е извршена и измена и дополнување на Законот за трговски друштва, со кои се пролонгира рокот за поднесување предлог за отворање на стечајна постапка за обврзниците кои Централниот регистер ги објавува на својата Веб страница од еден на 12 месеци. По тој основ, Фондот поднесе 918 предлози за отворање на стечајна постапка за субјекти кои ги објави Централниот регистер на Република Македонија со побарување за неплатени придонеси, во вкупен износ од 343.041.075,00 денари.

Стручната служба на Фондот, исто така, и во 2013 година работеше и на неалоцираните уплати на придонесите, кои доколку не се правилно распоредени по субјекти и осигуреници, Фондот не може да ги користи.

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Управата за јавни приходи, Фондот и Агенцијата за вработување на Република

Македонија, ги разрешија дел од проблемите околу нераспределените средства од уплатените придонеси, а се однесуваат на непостоење на пријави М11/1, М11/2, М1, М2 и променети матични броеви. Со тие активности, дел од неалоцираните средства беа распределени.

## 6. Информирање

Во Фондот на ПИОМ информирањето на јавноста во 2013 година, имаше за цел да се задоволат барањата како на вработените од една, така и барањата на обврзниците, осигурениците и корисниците на пензија за разрешувањето на нивните потреби од друга страна. При тоа, и во двата случаи беше и останува основната определба – информирањето, односно одговорите на прашањата преку стручните упатства за разрешувањето на отворените проблеми .

Во Фондот на ПИОМ, информирањето се одвива преку печатеното интерно гласило „Информатор“ и преку Веб-страницата достапна на сите интернет корисници. Покрај овие форми на взаемна соработка, во Фондот со успех функционира и „Граѓанскиот дневник“, „Едношалтерскиот систем“, „Семафорот“ за оценка на квалитетот на услугите од шалтерските работници, „Нема погрешна врата“ и информативната служба (Групата за комуникации, преведувачката служба) и др.

Пред осум години, заради обезбедување јавност во работата на Фондот почна со работа нашата Веб-страница, како и издавањето на гласилото „Информатор“. Во нив веќе неколку години редовно, квалитетно и навремено се објавуваат прилози за материјали и одлуки што се разгледуваат и донесуваат и усвојуваат на седниците на Управниот одбор, како и од состаноците со Стручната служба-Централата на Фондот, организирањето на прес-конференциите и реализацијата на пензиските проекти. Се објавуваа наменски текстови и коментари за афирмација на работата на Стручната служба на Фондот, со квалитетна соработка со сите стручни служби и

одделенија во Фондот, со што се унапредуваше амбиентот на координираната соработка и задоволството на корисниците на услугите.

Во 2013 година, Групата за комуникации активно и непосредно учествуваше во организирањето и реализирањето на бројни интерни и проширени состаноци, стручни презентации, интерактивни и апликативни предавања, прес-конференции, конференции за билатерална соработка, за што јавноста и вработените во Фондот беа информирани.

Во текот на 2013 година, издадени се 3 броја на печатеното интерно гласило за вработените "Информатор", на чии страници се објавени вкупно 30 текстови. Она што посебно заслужува да биде истакнато и одбележано е дека во 2013 година, во месечниот весник на СЗПМ, „Пензионер плус“, Фондот беше застапен, при што, во 11 броја од весникот се објавени 11 аналитички текстови што ја афирмираат пензиската политика и работа на Фондот. Преку овие текстови и коментари, јавноста континуирано беше запознавана со работата на Управниот одбор на Фондот, инвестициите во пензионерските домови и клубови, објектите за рекреација на пензионерите, активностите поврзани со бањско-климатската рекреација, усогласувањето на пензиите, Солидарниот фонд и др.

Веб-страницата на Фондот на ПИОМ (www.piom.com.mk), е најважен и најсовремен начин на комуницирање на Фондот со јавноста. Квалитетната конципираност со бројните рубрики е во директна функција на осигурениците, обврзниците, пензионерите и вработените во Фондот. Преку неа, во 2013 година се објавени сите потребни информации за одделни прашања и е воспоставена трајна, отворена и взаемна комуникација меѓу Фондот и корисниците на услугите.

И во 2013 година, продолжи да се применува проектот за квалитет на услугите што Фондот ги дава на своите корисници, кои се објавени на Веб страницата на Владата на Република Македонија, www.uslugi.gov.mk. Во

изминатата година, преку оваа Веб страница од граѓаните на Република Македонија до Фондот, беа поставени 165 прашања од областа на остварувањето права од пензиското и инвалидско осигурување, на кои најдоцна во рок од 5 дена, беа доставувани компетентни и стручни одговори. Исто така, согласно инструментот „Граѓански дневник“, на влезот од Централата, филијалите и деловниците на Фондот се поставени сандачиња со формулари-прашалници за граѓаните-корисници на услугите, кои тие ги пополнуваат и го искажуваат нивното мислење за работата, односот, услужливоста и стручноста на вработените во Фондот. Пополнетите формулари, од Централата, филијалите и деловниците, по електронски пат редовно се испраќаа до Министерството за информатичко општество и администрација за разгледување на седници на Владата на Република Македонија.

Во 2013 година, Фондот на ПИОМ со свои претставници од Групата за комуникации, заедно со претставниците од уште 8 други институции, беше дел од проектот на Министерството за информатичко општество и администрација и Владата на Република Македонија - Методологијата „Барометар за квалитет на институциите“, со цел воведување на објективно мерење на квалитетот на работата на институциите во администрацијата, а во функција на обезбедување континуитет во квалитетот на работењето на администрацијата и поддршка за продуцирање поквалитетни услуги. Барометарот за квалитет претставува мониторинг и евалуација на работењето на институциите, со цел да се лоцираат слабостите за кои ќе треба да се преземат мерки за нивно надминување. Истиот се спроведе на 2 начина: преку самоевалуација (пополнување прашалник) и евалуација од страна на Комисија составена од членови од Кабинетот на премиерот и на Министерството за информатичко општество и администрација.

Во Фондот, во 2013 година редовно се преведуваа од македонски на албански јазик сите материјали за седниците на Управниот одбор, комисиите, Веб-страницата и други документи од работата на Стручната служба на Фондот (Профилот и Годишниот извештај), а се издаваше и „Информаторот“ на албански јазик. Така, во 2013 година преведени се сите материјали за одржаните 22 седници на Управниот одбор на Фондот, 30 текстови за „Информаторот“, повеќе соопштенија за јавноста, објавените текстови за Веб страницата на Фондот, а се реализираше и симултан превод на секоја седница на нашиот Управен одбор.

Исто така, активно работеше Комисијата за заштита на правото за јавен пристап до информации на Фондот, како посредник при остварувањето на правото за слободен пристап до информациите на Фондот како имател на информации. За работата на оваа Комисија за 2013 год. е изготвен Извештај кој е составен дел од Годишниот извештај на Комисијата за заштита на правото за јавен пристап на информации при Владата на Република Македонија.

Во 2013 година, редовно се постапуваше по претставките и предлозите пристигнати во Фондот, односно се водеше усна комуникација за поставените поплаки на кои веднаш се одговараше, како и писмена кореспонденција со поднесувачите на претставките.

Во Фондот, заради подобра комуникација со граѓаните, работи и Кол-центарот (02/15215), кој е постојано отворен за јавноста (секој работен ден), од каде се даваат одговори на поставените прашања од страна на физичките или правни лица.

# V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

## 1. Решавање на барања во прв степен

Во текот на 2013 година во филијалите на Стручната служба на Фондот, беа поднесени вкупно 31.228 барања за остварување права од пензиското и инвалидско осигурување, од кои 21.068 први барања за остварување право на пензија (од нив 12.743 за старосна пензија, 2.912 за инвалидска пензија и 5.413 за семејна пензија), 2.825 барања за остварување права од инвалидското осигурување (телесно оштетување, не постои инвалидност, професионална неспособност за работа, општа неспособност за работа) и 7.335 повторни барања.

**Табела бр.20:** Вкупен број на поднесени и решени барања по видови, со состојба 31 декември 2013 година

| ед.бр. | Опис | Нерешени барања на почетокот на годината | Број на поднесени барања во 2013 год. | Вкупно за решавање | Решени барања | Структура | Решени барања до 30 дена | Структура | Нерешени барања на крај на годината | Структур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Први барања за остварување на пензија | 718 | 21.068 | 21.786 | 21.461 | 98,51 | 19.544 | 89,71 | 325 | 1,49 |
| 2 | Барања од инвалидско осигурување | 4 | 2.825 | 2.829 | 2.816 | 99,54 | 2.610 | 92,26 | 13 | 0,00 |
| 3 | Останати барања | 230 | 7.335 | 7.565 | 7.498 | 99,11 | 7.396 | 97,77 | 67 | 0,88 |
| | Вкупно | 952 | 31.228 | 32.180 | 31.775 | 98,74 | 29.550 | 91,83 | 405 | 1,25 |
| | Решени барања од 35 до 60 дена по сите основи | | | | | | 2.225 | 6,914 | | |
| | Вкупно решени барања | | | | | | 31.775 | | | |

Во 2013 година, решени  се вкупно 31.775 барања по сите основи за остварување права од  пензиското и инвалидско осигурување, од кои 21.461 први барања за остварување право на пензија.

Во 2013 година, со примената на Проектот за техничка поддршка за дизајнирање на новите процеси за остварување на права и исплата на пензии, се воведе целосно автоматизиран процес на работењето. Посебно треба да се истакне дека со дополнителното ангажирање и организирање на инвалидските комисии, и покрај неекипираноста на лекарските комисии и работа со намален број на ресурси, тие редовно ја извршија својата функција во интерес на корисниците на правата и остварија ажурност во работата со решавање на заостанатите предмети од 2012 година, а обезбедија и скратување на роковите на минималните термини. Во 2013 година, постигната е ажурност во траењето на постапката за оцена на работната способност, и во делот на непосредниот преглед, и во донесувањето решенија. Од вкупно решени први барања за инвалидска пензија (2.816), во рок до 30 дена, решени се 2.610 барања, а 206 барања се решени  во период од 35 дена до 6 месеци.

Во 2013 година, заедно со пренесените барања од 2012 година, вкупно за решавање имаше 21.786 први барања, од кои решени се 21.461 или 98,5%. Постапката за решавање на барањата трае до 30  дена и од 35-60 дена. Во рок од 30 дена решени се 19.544  барања,  или 91,1%, а од 35 до 60 дена  решени се 1.917 барања или 8,9%. Барањата кои се целосно комплетирани, се решаваат веднаш (до 30 дена), додека за предметите нецелосно комплетирани, постапката трае подолго, односно до обезбедување на податоците од подносителот на барањето за потврдување на пензискиот стаж  за лицата кои работеле во приватни фирми.

Во 2013 година, од вкупно 21.461 решени први барања, 12.969 се однесуваат на старосна пензија или 60,43%, 2.984 или 13,9% се за инвалидска

пензија и 5.508 барања или 25,67% за семејна пензија. Структурата на решените барања дадена е во следниот графикон:




На крајот на 2013 година имаше нерешени 325 барања или 1,5% од вкупниот број за решавање. Најголем заостаток на нерешени барања има во филијалите, и тоа: во Куманово, Штип, Охрид, Кичево и Прилеп, поради некомплетираноста на предметите во врска со стажот и платите кои се битни елементи за остварување право на пензија.

Бројот на поднесените барања за остварување права од инвалидското осигурување (телесно оштетување, не постои инвалидност и професионална и општа неспособност за работа) во 2013 година, изнесува 2.812 барања и заедно со нерешените 4 барања од 2012 година, вкупно за решавање имаше 2.816 барања и 13 нерешени барања до крајот на 2013 година.

Во 2013 година, поднесени се 7.335 останати барања и заедно со нерешените 230 барања од претходната година, вкупните изнесуваат 7.565 барања. Од нив, решени се 7.498, а останале за решавање уште 67 барања. Поднесените останати барања се однесуваат на обнова на постапка поради

дополнително утврден пензиски стаж, или уплатен придонес, заради воспоставување на претходно запрена пензија во исплатата по разни основи (поради вработување, смрт, престанок на школување и друго), поради промени во името или презимето на корисникот на пензија која претходно се исплаќала на старател-полномошник, промена на ЕМБГ на корисникот на пензија, поради вклучување или исклучување на член на корисник на семејна пензија, донесување конечно решение по обезбедување докази и друго.

Вкупно решените први барања за остварување на старосна, инвалидска и семејна пензија, барања од инвалидско осигурување, како и останатите барања, во 2013 година, изнесува 31.775 барања и во споредба со 2012 година (32.340) намален е бројот за 565 барања, или за 1,73%, и истите се дадени во следната табела:

**Табела бр.21**

| **Вид на пензија** | **2012** | **2013** | **Индекс** |
|---|---|---|---|
| Старосна пензија | 12.350 | 12.969 | 105,01 |
| Инвалидска пензија | 3.024 | 2.984 | 98,68 |
| Семејна пензија | 5.476 | 5.508 | 100,58 |
| Надоместок за инвалидско осигурување | 3.469 | 2.816 | 81,18 |
| Останати барања | 8.021 | 7.498 | 93,48 |
| **Вкупно** | **32.340** | **31.775** | **98,25** |




| | Старосна пензија | Инвалидска пензија | Семејна пензија | Надомест за инвалидско осигурување | Останати барања | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 12.350 | 3.024 | 5.476 | 3.469 | 8.021 | 32.340 |
| 2013 | 12.969 | 2.984 | 5.508 | 2.816 | 7.498 | 31.775 |

Бројот на решените барања за старосна пензија во 2013 година во однос на 2012 година, е зголемен за 619 или за 4,78%, поради зголемениот број на поднесени барања за остварување право на инвалидска пензија.

## 2. Извештај за работата на Одделението за норматива, следење и примена на правните прописи и за постапување по претставки во 2013 година

Одделението за норматива, следење и примена на правните прописи и за постапување по претставки, согласно надлежностите за примена на прописите и давање на насоки на филијалите на Фондот за постапување по предмети и одговор на институции и странки, ги изврши следните активности:

1. До Министерството за труд и социјална политика поднесени се барања за измени и дополни на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, барања за појаснувања во врска со примената на одредени одредби за правилна примена, како и одговори по одредени прашања од Министерството.
2. Доставувани се коментари на Предлог измени на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Законот за вработените во јавниот

сектор. До Министерството за труд и социјална политика се подготвени и доставени 103 дописи како одговор на нивни и наши барања. Доставено е барање по наодите на Државниот завод за ревизија за електронска поврзаност на Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика со Комисијата за оцена на работната способност.

Во соработка со Министерството, подготвени се и измените на Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

3. Во врска со примената на измените на Законот за пензиското и инвалисдското осигурување, како и во делот на примената на одредбите на посебните категории на осигуреници, заради електронско донесување на решенијата за остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување, до Секторот за информатички технологии, доставени се 52 барања за интервенција во апликацијата, со нови теркови на решенија за начинот на пресметување на пензиската основа.
4. Извршен е увид во податоците од Агенцијата за вработување на Република Македонија , во 1368 случаи, корисници на пензија заради проверка дали истите се и корисници на пензија и вработени осигуреници. По утврдувањето на корисниците на пензија кои беа и вработени, се дадоа насоки за донесување на решенија за ускратување на правото на пензија.
5. По барање на филијалите на Фондот, доставени се 109 предмети за кои се дадени писмени насоки за законито постапување по барањата за остварување на правото на пензија, а во одредни случаи и за ускратување на правото.
6. Одговорено е на барања од Народниот правобранител во 73 случаи.

7. Одговорено е на 6 барања на Министерството за внатрешни работи и 9 одговори до Министерството за информатичко општество и администрација.
8. Поднесено е барање до Врховниот суд на Република Македонија, за одржување на заеднички состанок и размена на мислења во делот на примената на пресудите на Управниот суд, заради различноста во одлучувањето во пресудите за иста правна работа.
9. Одговорено е до Канцеларијатата на претседателот на Република Македонија во 16 случаи.
10. Извршена е анализа на 83 инвалидски предмети добиени од Основниот суд во Скопје, кои беа предмет на анализа во кривична постапка и за кои е утврдено дека се работи за остварено право на инвалидска пензија врз основа на примање на поткуп, дадени се теркови на решенија до филијалите на Фондот за поништување на решенијата со кои е остварено правото, како и да се изработи пресметка за поврат на незаконски исплатена пензија.
11. Извршена е контрола над работата на филијалите и деловниците на Фондот, со дадени предлог-мерки за подобрување на работата.
12. Во текот на 2013 год., донесени се две одлуки за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, и тоа, за „Детонит“ ДООЕЛ – Радовиш за 4 работни места и РЖ „Техничка контрола“ – Скопје за 1 работно место. Дадени одговори, појаснувања на подрачни единици - 3, странки - 4, МТСП - 2, правни субјекти - 3.
13. Поднесена е Информација до МТСП заради нивно запознавање, бидејќи рудникот „Индоминерали и метали“ ДОО Пробиштип не го плаќаат дополнителниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување на

осигурениците кои работат на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

14. По барање на Министерството за труд и социјална политика, извршен е увид во 23 спорни инвалидски предмети. Направен е попис на целокупната документација и водењето на постапката и записник за констатираната фактичка состојба, кој е доставен до наведеното Министерство.
15. На 17 ноември 2013 година влезе во сила Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за потврдување на периодите на осигурување за остварување право на пензија, подготвени се и доставени насоки за примена на овој Договор до филијалите и деловниците на Фондот.
16. По одржаните разговори со претставници на фондовите од сите поранешни југословенски републики, се договори размена на податоци за сите починати корисници на пензија, кои се корисници на пензија од две републики.

Во 2013 година постојано се давани одговори на прашања доставувани од страна на Групата за комуникации во Фондот поставени од странки, а се однесуваат за остварување на права од пензиското и инвалидско осигурување.

## 3. Остварување на правата според меѓународни договори за социјално осигурување

Фондот на ПИОМ, и во 2013 година продолжи со извршувањето на тековните работи како носител во спроведувањето на билатералните договори за социјално осигурување и како надлежен орган за остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување при примена на меѓународните договори за социјално осигурување.

Во текот на 2013 година, Фондот на ПИОМ, учествуваше со свој претставник на државните преговори за склучување меѓународни договори за социјално осигурување и тоа:

- Во март 2013 година во Скопје се одржа третиот круг на преговори меѓу македонската и албанската делегација, на кој се продолжи со разгледување на нацрт-текстот на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Албанија;

-Во септември 2013 година, исто така, во Скопје се одржаа разговори помеѓу македонската и делегацијата од Република Словачка , а во врска со склучување на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Словачка;

- На 25 и 26 февруари 2013 година во Минхен-Германија, се одржаа советодавни денови помеѓу претставниците на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и германскиот носител на социјално осигурување, во кои граѓаните добиваа одговори од страна на стручни лица кои работат во примена на Договорот за социјално осигурување склучен помеѓу двете држави;

- На 22 мај 2013 година, во Скопје, се одржа состанок помеѓу претставниците на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Холандскиот носител на социјално осигурување за примена на Договорот за социјално осигурување помеѓу Македонската Влада и Кралството Холандија. На оваа средба се разгледани и двојазичните обрасци за примена на договорот;

- На 8 и 9 октомври 2013 година, во Скопје, се одржаа советодавни денови помеѓу претставниците на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Германското социјално осигурување во филијалите во Тетово и Гостивар, на кои средби граѓаните добија совети од

стручни лица кои работат на практична примена на Договорот за социјално осигурување склучен помеѓу двете држави;

- На 24 и 25 окктомври, во Подгорица –Црна Гора, се одржа 4-та средба на ниво на директори на фондови, заводи од поранешните Ју-републики во врска со електронската размена на податоците, проблемите и прашањата при примена на договорите за социјално осигурување;

- На 19 и 20 ноември 2013 година, во Скопје, се одржаа разговори помеѓу Македонскиот и Хрватскиот орган за врска од областа на пензиското и инвалидско осигурување за примена на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Хрватска за социјално осигурување.

Во Одделението за спроведување на меѓународни договори за социјално осигурување, во Централата на Стручната служба, во 2013 година, од осигуреници или преку странски носители на осигурување поднесени се 3013 први барања и 1421 барање за обнова на постапка, ускратни решенија за семејна пензија и ускратни решенија за најнизок износ на пензија, а во 2012 година, 5214 барања за остварување права од пензиското и инвалидско осигурување, односно 780 барања помалку или 15% помалку барања. Покрај овие, во 2013, останаа нерешени и 1024 барања од 2012 година, така што вкупниот број на барања за решавање изнесува 5.458. Од вкупниот број, решени и контролирани се 4.512 барања, или 90,9%, а нерешени на крајот на годината останале 946 барања или 17,3%.

**Табела бр.22:** Број на барања за решавање и решени барања

| Ред. број | Опис | 2012 година | 2013 година | Индекс 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пренесени барања | 776 | 1.024 | 131,96 |
| 2 | Примени барања | 5.214 | 4.434 | 85,04 |
| 3 | Вкупни барања | 5.990 | 5.458 | 91,12 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Решени барања | 4.966 | 4.512 | 90,86 |
| 5 | Нерешени барања | 1.024 | 946 | 92,38 |




Бројот на решените барања во 2013 во споредба со 2012 година, е намален за 454 барања, или за 9,9 %, а нерешените барања на крајот на 2013 година изнесуваат 946 барања и во споредба со 2012 година, е намален за 78 барања.

Од горенаведените податоци, може да се констатира дека, оваа година поднесените барања се намалени во однос на претходната 2012 година, а исто така, е намален и бројот на решените барања .

Во текот на 2013 година извршени се и други задачи, и тоа:

- До странските носители на осигурување обработени се на двојазични обрасци и поднесени 1.777 барања за пензии;

- По поднесените барања за остварување право на пензија, водена е кореспонденција со странките, филијалите и странските носители, со цел за докомплетирање на барањата и побрзо остварување на правата од 5.794 кореспонденции;

- Покрената е постапка по 2.383 барања за утврдување на пензиски стаж наврвшен во странство за осигуреници кои не остваруваат право на пензија и реципрочно за потребите на странските носители потврден е македонскиот стаж со двојазични обрасци;

- Дадени се на Првостепената инвалидска комисија за оцена на работната способност 312 предмети;

- Одговорени се сите пристигнати поднесоци.

Во 2013 година, исто така, во сите филијали на Фондот, се одржаа отворени денови – средба со граѓаните „Ден за Вас", со цел да се надминат проблемите со кои се соочуваат граѓаните во остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување. На овие средби учествуваа и претставници од Одделението за спроведување на меѓународните договори за социјално осигурување, со цел да им се помогне на оние граѓани кои оствариле стаж во странство за остварување на правата од социјално осигурување по овие договори .

Во непосредното спроведување на меѓународните договори во Фондот, во текот на 2013 година, извршен е превод на 8.984 страници (од француски на македонски јазик и обратно 3.968 страници, од англиски на македонски јазик и обратно 1.569 страници, од италијански на македонски јазик и обратно 604 страници и 2.843 страници од германски на македонски јазик). За потребите на странските носители за социјално осигурување користени се и надворешни преведувачи за превод на 342 страници од чешки, полски, унгарски, бугарски, шведски, турски, словачки, холандски, грчки, романски, фламански, дански, англиски и од словенечки на македонски јазик, пополнувани се еднојазични формулари за пензии, издавани се потврди за живот, преведувани се формулари за преговори по новите договори, како и други задачи од областа на ова осигурување.

## 4. Работа на Одделението за оцена на работната способност

Во постапката за остварување на права од пензиското и инвалидско осигурување, од големо значење е оценката на работната способност, бидејќи по основ на инвалидност и телесно оштетување се остваруваат и долгорочни материјални права од сферата на пензиското и инвалидско осигурување.

Инвалидност во смисла на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, постои кога кај осигуреникот поради трајни промени на здравствената состојба, причинети со повреда на работа, професионална болест, повреда надвор од работата или со болест, што не можат да се отстранат со лекување, или со мерки на медицинска рехабилитација, настапи намалување или загубување на работната способност за вршење на работите на работното место на кое работникот бил распореден пред настапување на инвалидноста.

Инвалидноста, како основ за остварување на право од пензиското и инвалидско осигурување кај осигуреникот се утврдува во Фондот преку Комисијата за оцена на работната способност, врз основа на извршен увид во медицинската и другата работна документација, како и врз основа на непосреден преглед на осигуреникот.

Во 2013 година, Комисијата за оцена на работната способност работеше во три состави од по двајца лекари-специјалисти за разлика од 2012 година кога работеше во 2 состава по даваjца лекари. Комисијата за задолжителен контролен преглед работеше со постојниот расположлив кадар на лекари специјалисти, водејќи сметка истиот лекар да не учествува во работата на двете комисии кога се вештачи за ист предмет. Комисијата за утврдување на комплетност и уредност на документацијата работеше со еден член лекар-специјалист.

Комисијата како единствен надлежен орган по извршениот преглед, донесува Наод, оценка и мислење за општа неспособност за работа, професионална неспособност за работа со право на преквалификација или

доквалификација на осигуреникот, за процент на телесно оштетување, Наод за утврдување на неспособноста за работа, остварување на правото на семејна пензија на член од семејството, како и Наод за утврдување инвалидност кај инвалидизирано лице, а со цел за вработување на истото во Заштитно трговство друштво, опасност од настанување на инвалидност и друго.

Комисијата за оцена на работната способност донесуваше Наод, оцена и мислење и во предмети кај кои се применува билатерален Договор за социјално осигурување .

Во 2013 година, до Првостепената инвалидска комисија се пристигнати и заведени 6.679 предмети за оцена на работната способност и истите споредени со 2012 година, односно 6.090 предмети , зголемени се за 589 предмети или 9,7%.

Некомплетните 1.289 предмети, преку Комисијата за комплетност и уредност на предметите, се враќани до стручните служби (филијали) или Централата на Фондот, како и до осигурениците и е побарано нивно докомплетирање за донесување на соодветен Наод, оценка и мислење по барањето. Комисијата во случај на некомплетна документацијата бара достава само на документи кои недостасуваат. За некомплетни документи се мисли на предмети без соодветна медицинска документација, недостиг на Образец бр.3, Предлог за медицинско вештачење од матичниот лекар, Образец А1, условите за работа и работни задачи .

Дел од медицинската документација е со изминат рок, или преуранети барања за повторна оценка на работната способност, а дел од предметите се враќаат во филијалите, бидејќи осигурениците не се јавиле на две и повеќе покани од страна на Комисијата. Покрај ова, потребно е комплетирање на предметите со компјутерски листинг за М-4 податоците за утврдување на работниот стаж.

Комисијата за комплетност и уредност на предметите во 2013 година, ги реализирала следните активности, и тоа:

1. Примени и заведени барања 6.679
2. Комплетирани предмети и поканети странки 7.880, од кои 1.201 се пренесени од претходната година
3. Комплетирани и поканети предмети по задолжителен контролен преглед - 732 предмета
4. Пратени писма до странките за докомлетирање на работната и медицинската документација по 847 барања
5. Пратени писма до Подрачна единица заради отфрлање на барањето заради недоставување на работна и медицинска документација - 85 барања.

Комисијата за оцена на работната способност во 2013 година имаше од 2012 година пренесени за решавање 1201 предмет во вкупно 7.880 комплетирани предмети за решавање од 2012 година, и врз основа на утврдената фактичка состојба, во 2013 година донела вкупно 7.201 наод, а во 2012 година 6.491 наод, што е за 710 наоди повеќе, или за 10,9%, како резултат на ефикасната организација и дополнителниот ангажман и вложените натчовечки напори на членовите на оваа Комисија.

Од вкупниот број на поднесени барања, Комисијата донесе 5.185 наоди за оценка на работната способност, во 2012 година имаше 5.647 наоди, 92 наоди за остварување на правото по меѓународни договори, а во 2012 година 114 наоди, 1 наод за здравствена заштита во 2012 година, 415 наоди за утврдување на процент на телесно оштетување како единствено право, додека во 2012 година имаше 401 таков наод.

Структурата и видот на вештачените барања во 2013 е следната:

-1.539 барања, или 32,3% за остварување право на пензија, (во 2012 година 1.941 барања), и тоа: 977 барања или 63,5% за општа неспособност, а за работа во

2012 година 1.269 барања, 7 барања или 0,5% и понатаму општа неспособноста за работа, а во 2011 година 2 барања и 555 барања или 36,0%, професионална неспособноста за работа со право на пензија, а во 2012 година 670 барања,

-89 барања или 1,9% за намалена работна способност со скратено работно време, а во 2011 година 102 барања,

- 85 барања или 1,8% за промена на работно место, а во 2012 година 162 барања,

- 311 барања или 6,5% и понатаму намалена работна способност, а во 2012 година 289 барања,

- 1 барање или 0,02% каде лекувањето е незавршено, а во 2012 година 89 барања,

- 1.919 барања, или 40,2% - не постои инвалидност, а во 2012 година 1749 барања,

- 27 барања или 0,3% - други случаи, а во 2012 година 17 барања,

- 461 барање или 9,6% повторни прегледи, а во 2012 година 527 барања,

- 246 барања или 4,9% за семејна пензија, а во 2012 година 255 барања,

- 92 наоди или 2,2% за странски носители, а во 2012 година 114 наоди.

**Табела бр.23:** Решените барања за оцена на работна способност по видови во 2013 и 2012 година дадени се во следната табела:

| ред. број | Вид на случаи | 2012 година | | 2013 година | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | структура | број | структура | 2013/2012 |
| 1 | Општа неспособност за работа | 1941 | 37% | 1539 | 32,3 | 79,3 |
| 2 | Скратено работно време | 102 | 1,9 | 89 | 1,9 | 87,3 |
| 3 | Промена на работа | 162 | 3,1 | 85 | 1,8 | 52,5 |
| 4 | И понатаму намалена работна способност | 289 | 5,5 | 311 | 6,5 | 107,4 |
| 5 | Лекувањето не е завршено | 89 | 1,7 | 1 | 0 | 0 |
| 6 | Не постои инвалидност | 1749 | 33,4 | 1919 | 40,2 | 109,7 |
| 7 | Други случаи | 17 | 0,3 | 27 | 0,6 | 158,8 |
| 8 | Повторни прегледи | 527 | 10 | 461 | 9,6 | 87,5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Семејна пензија | 255 | 4,9 | 246 | 5,2 | 96,5 |
| 10 | Наоди за странски носители | 114 | 2,2 | 92 | 1,9 | 80,7 |
| | ВКУПНО I | 5.245 | 100 | 4770 | 100 | 158,3 |
| 1 | Здравствена заштита | 1 | 0,1 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Телесно оштетување | 401 | 32,2 | 415 | 35,9 | 103,5 |
| 3 | Контролен преглед | 844 | 67,7 | 741 | 64,1 | 87,8 |
| | ВКУПНО II | 1.246 | 100 | 1156 | 100 | 92,8 |
| | ВКУПНО (I+II) | 6.491 | 100 | 5.926 | 100 | 91,3 |

Структурата на вештачените барања може да се види од следниот графикон:




Од податоците во табелата за решени барања од страна на Комисијата за оцена на работната способност која во 2013 година работеше со зголемен број на лекари, работата се одвиваше навремено, а предметите во најкратоток рок беа решавани со 91,3 % решени барања во однос на вкупно поднесените.

**Табела бр.24.** Бројот на донесените наоди за оцена на работната способност по години е следниот:

| Година | Оцена на работната способност | Телесно оштетување | Туѓа нега и помош | Други барања | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1991 | 15.074 | 498 | 1.448 | 11.191 | 18.211 |
| 1992 | 13.080 | 359 | 1.209 | 1.105 | 15.761 |
| 1993 | 14.347 | 258 | 1.523 | 457 | 16.585 |
| 1994 | 13.114 | 327 | 1.783 | 558 | 15.782 |
| 1995 | 12.529 | 323 | 3.128 | 726 | 16.706 |
| 1996 | 10.773 | 315 | 5.157 | 845 | 17.090 |
| 1997 | 13.493 | 458 | 6.088 | 475 | 20.514 |
| 1998 | 13.796 | 510 | 7.057 | 414 | 21.777 |
| 1999 | 11.940 | 492 | 9.380 | 383 | 22.195 |
| 2000 | 10.738 | 467 | 11.357 | 379 | 22.941 |
| 2001 | 11.557 | 436 | 13.441 | 220 | 25.654 |
| 2002 | 10.530 | 423 | 16.364 | 277 | 27.594 |
| 2003 | 10.762 | 456 | 14.090 | 317 | 25.625 |
| 2004 | 8.936 | 421 | 15.544 | 238 | 25.139 |
| 2005 | 8.770 | 432 | 15.797 | 146 | 25.145 |
| 2006 | 8.450 | 402 | 13.273 | 293 | 22.418 |
| 2007 | 7.397 | 345 | - | 963 | 8.705 |
| 2008 | 6.605 | 297 | | 1.689 | 8.591 |
| 2009 | 6.221 | 358 | | 1.069 | 7.648 |
| 2010 | 4.479 | 254 | | 1.110 | 5.843 |
| 2011 | 3.225 | 201 | | 561 | 3.987 |
| 2012 | 5.131 | 401 | | 959 | 6.491 |
| 2013 | 4.678 | 415 | | 833 | 5.926 |

Според податоците од табелата, произлегува дека во 2013 година има намалување на донесените наоди за оцена на работната способност во однос на претходната година.

Кога се работи за времена инвалидска пензија и постапка на задолжителен контролен преглед, постапува Комисијата за задолжителен

контролен преглед на корисниците на времена инвалидска, односно семејна пензија. Во периодот од 01.01. до 31.12.2013 година, оваа Комисија вештачела 741 случај, а во 2012 година 844 случаи и донела толку соодветни наоди.

Ревизија на сите наоди на Комисијата за оцена на работната способност, со кои е утврдена инвалидност, односно неспособност за работа, како и по случаен избор и ревизија кај негатвни наоди, врши Комисијата за ревизија на наодот, оценката и мислењето за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, основана од министерот за труд и социјална политика.

Во 2013 година, Комисијата за оцена на работната способност до Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика, има доставено вкупно 3.946 наоди (2.079 позитивни и 1.867 негативни). Од овие 1.867 доставени негативни наоди, Комисијата за ревизија потврдила 1.619 наоди, или 86,7% од вкупниот број, а непотврдила 248 наоди, или 13,3% кои се со утврдено птаво на пензија.

Исто така, од 2.079 доставени позитивни наоди до Комисијата за ревизија при Министерсрвото за труд и социјална политика, Комисијата потврдила 2.076 наоди, или 99,9%, а непотврдила 3 наоди, или 0,01 %.

Во 2013 година, Комисијата за задолжителен контролен преглед извршила 741 контролен преглед на корисниците на времена инвалидска, односно семејна пензија кои се пратени на ревизија во Министерството за труд и социјална политика. Комисијата за ревизија потврдила 688 наоди, или 92,8%, а непотврдила 53 наоди или 7,2%. Имено, од пратени 422 позитивни наоди донесени од Комисијата за задолжителен контролен преглед, Комисијата за ревизија ги потврдила сите 422 наоди, или 100%. Исто така, Комисијата за задолжителен контролен преглед препратила до Комисијата за ревизија и 319 негативни наоди, од кои беа потврдени 266 наоди или 83,4%, а непотврдени 53 наоди, или 16,6%.

## 5. Матична евиденција

Во 2013 година, Стручната служба на Фондот во делот на матичната евиденција спроведе задачите кои произлегуваат од тековното работење на Службата и задачите кои се однесуваат на спроведувањето на сите процеси неопходни за функционирање на реформите во пензискиот систем.

Во Централата, филијалите и деловниците на Фондот, се одвиваа активности поврзани со обезбедувањето на точни ажурни комплетни бази на податоци за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонесот, како и за корисниците на права од пензиското и инвалидско осигурување. Исто така, Стручната служба за матична евиденција, активно учествуваше и соработуваше со другите служби при Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Во текот на извештајниот период, посебно се истакнаа следните активности:

1. Подготовка на деловните барања за измена и дополнување на апликациите за водење на евиденциите за осигурениците, обврзниците и корисниците на правата од ПИО.
2. Склучување на договори за соработка и размена на податоци со другите институции.
3. Учество во спроведувањето размена на податоци со институциите со кои се склучени за соработка.
4. Спроведена контрола, надзор и инструктажа во филијалите и деловниците на Фондот во делот на службите за матична евиденција.
5. Подготовка на известувања до филијалите и деловниците за прашања кои се од областа на матична евиденициија.
6. Соработка на Фондот со институциите поврзани со реформираниот пензиски систем – членство во приватниот пензиски столб и

одржување на регистарот на членовите во приватните пензиски фондови.

7. Постапување на барања за следење и обезбедување на преписи од оргиналот на микрофилмуваните пријави.

Во текот на 2013 година, како активни осигуреници, за кои се пријавени податоци за плата и пресметан придонес, евидентирани се 526.909 осигуреници. Распоредено според основата за прием во пензиско и инвалидско осигурување, најголем број, односно 491.432 осигуреници се со основ на осигурување.

Во однос на бројот на активни обврзници за пријавување на податоци кои во текот на 2013 година доставувале податоци за плата и пресметан придонес, во евиденцијата се регистрирани 70.464 обврзници.

Со направените анализи во 2013 година се вршеше уточнување на податоците содржани во евиденцијата на Фондот, особено во однос на податоците за обврзниците за плаќање на придонесот.

При тоа, е извршена споредба на податоците за регистрираните пријави М11 за обврзниците за плаќање на придонесот со податоците за избришаните деловни субјекти кои беа добиени од Централниот регистар.

Како резултат на оваа споредба, беа пасиврани оние обврзници за плаќање на придонесот кои навремено не го дојавиле престанокот на работењето во Фондот преку соодветните пријави М11.

Според анализата на евидентираните податоци во Матичната евиденција, во текот на 2013 година, обработени се 869.158 пријави со податоци за стаж на осигурување, плати надоместоци, односно основици на осигурување.

Од вкупниот број внесени 869.158 пријави М4, со податоци за стаж на осигурување и плати за 2012 година, утврдени се 307.778 пријави кои се однесуваат за 507.061 осигуреник колку што беа регистрирани во 2012 година.

Во зависност од начинот на кој обврзниците за плаќање на придонесот ги пријавиле податоците (електронски, или преку обрасци на пријави) овој број на пријави опфаќа:

- 623.804 пријави кои се добиени по електронски пат, односно се генерирани и потоа утврдени. Овие податоци се однесуваат за периодите по 2006 година, од кога податоците за стажот на осигурување и платите се добиваат по електронски пат. За 2012 година се изгенерирани 307.778 пријави, а останатите 316.026 пријави се однесуваат за годините од 2006 до 2011 и тековната 2013 година.
- 245.354 пријави се интерактивно внесени преку обрасци М4, од страна на референтите во службите за матична евиденција, (за постари периоди пред 2006 година), во системот за автоматска обработка на податоците.

## 6. Исплата на пензии

Една од основните функции на Фондот при спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување е исплатата на пензиските примања на корисниците на пензија . Како и претходната така и во 2013 година во првата недела од месецот се вршеше исплата на пензиите за претходниот месец, а обработката на пензиите се вршаше во соработка со Секторот за информатика.

Во 2013 година се изврши редовно усогласување на пензиите согласно законските прописи, и тоа: 1,15% од 1 јануари дополнително усогласување од 5%, односно во номинален износ од 550 денари од февруари за сите корисници на пензија кои правото го оствариле со февруари 2013 година и 0,75% од 1 јули 2013 година.

Во текот на годината, Фондот вршеше исплати на корисниците на пензија, а исто така и на корисниците на телесно оштетување.

Покрај редовната исплата, Фондот месечно вршеше и исплати на пензии за починати корисници на пензии до денот на смртта, а по барање на наследниците, како пресметки и исплати и разлики по решенија за изминат период.

За сите нови корисници на пензија, Одделението за ликвидација и исплата на пензиски примања, формираше финансово досие за прво право на корисникот на пензија, негова контрола и потврдување на исплатата.

Фондот во 2013 година, покрај исплатата на пензиите, вршеше исплата на пензии за македонски корисници на пензии со место на живеење надвор од Република Македонија, со тоа што имаше посебна исплата за поранешните републики од СФРЈ и посебна исплата за пензионери што живеат надвор од ЈУ – републиките, за новите корисници на пензија отворени се финансови досиеа и извршена е контрола на истите, пресметка, ликвидација и контрола на сите решенија за обнова, препензионирање ускратни решенија кои се доставени од филијалите на Фондот, како и контрола на поголем број на извршни решенија кои се доставени од судовите и извршителите, вклучување, исклучување и евидентирање на промените во износите на пензиите по разни основи.

Согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување, доставени се известувања до корисниците што живеат надвор од Република Македонија за да достават потврди за живот за продолжување на правото на исплата на пензијата. Од 01.07.2013 година е ставена во мирување исплата на пензии на сите корисници на пензија кои живеат надвор од Републиката, согласно склучените договори за социјално осигурување и по потреба на Фондот, а кои не доставиле потврда за живот, исто така, и пензионерите на кои пензијата се исплатува преку полномошник и за трајно неспособните лица кои пензијата ја примаат преку старател согласно член 141 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, а заради контрола на исплатата на пензијата, бидејќи исплатата се врши преку друго лице.

За сите корисници – деца  на семејна пензија постари од 15 години кои доставија школски потврди до 01.09.2013 год. за ученици, односно до 01.10.2013 год. за студенти, правото на користење на пензија им се продолжи, додека за останатите кои не доставија потврди, пензијата е ставена во мирување до доставата на школските потврди. Согласно член 61 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, спроведено е вклучување на задршки на пензиите по разни основи (судски и други решенија), задршки од Одделението за правни и општи работи, како и  исклучување на исплатата на пензија за корисниците на пензија кои се во работен однос. Со Секторот за информатика и Одделението за матична евиденција, извршено е дизајнирање, изработка, тестирање и користење на апликативното решение за издавање на потврди за трансакциска сметка при поднесување на барање за остварување право на пензија, извршено е упарување на пензиските предмети, од МВР обезбедени се списоци за починати и иселени корисници на пензија, а за иселените корисници исплатена е пензија во износ утврден со Закон.

Во 2013 година, редовно се вршеше достава на податоци за поведување судска постапка или спогодување со странките. Во соработка со Правната служба и Одделението за матична евиденција се вршеа пресметки за штети по основ на фиктивни стажеви доколку со контроли се констатираат, а сите вакви пензии беа ставени во мирување до моментот на исплатата на долгот.

Во 2013 година Одделението за ликвидација на пензиски примања до Одделението за имотно правно работење, има доставено 605 предмети за штети по сите основи, а се вршеше и редовно усогласување на податоците помеѓу Одделението за ликвидатура, Одделелението за имотно правно работење и Одделението за  сметководство и плаќања.

## 7. Имотно правно работење

Во текот на 2013 година, во Стручната служба на Фондот за правни работи во периодот од 01.01.2007 до 31.12.2013 година, евидентирани се вкупно 6.427 предмети во износ од 402.271.996,00 денари, од кои завршени се 3.281 предмет во износ од 144.621.962,00 денари.

Во работа се вкупно 3.146 предмети, во износ од 257.650.034,00 денари.

Во 2013 година евидентирани се 687 предмети по основ на штети по разни основи од кои Фондот побарува износ од 36.703.589,00 денари, од кои завршени се 222 предмети во износ од 11.364.518,00 денари.

Најмногу се евидентирани предмети – штети по основ на укинати семејни пензии, и тоа 363 предмети во износ од 24.881.395,00 денари, од кои завршени се 135 предмети во износ од 4.357.846,00 денари.

Евидентирани се 123 предмети во 2013 година по основ на укинато право на времена инвалидска пензија во износ од 11.036.064,00 денари, од кои завршени се 36 предмети во износ од 2.206.531,00 денари, додека останатите предмети се во фаза на судски постапки пред надлежните судови или се по жалба пред Управниот суд.

Предмети - штети по основа на исплата на пензија на починат корисник се евидентирани 81 предмет во износ од 2.177.168,00 денари, од кои завршени се 24 предмети во износ од 333.598,00 денари.

Во 2013 година се евидентирани 5 предмети по основ на фиктивен стаж во износ од 1.634.147,00 денари, што укажува на драстично намалување на штети по овој основ, ако се има во предвид дека во 2008 година по овој основ се евидентирани 105 предмети во износ од 37.060.629,00 денари (од кои 68 предмети се завршени – архивирани во износ од 23.787.333,00 денари).

Во 2013 година поднесени се вкупно 143 тужби (за предмети од 2013 година и за дел од предметите од 2012 и 2011 година) пред надлежните судови во Македонија во кои Фондот побарува износ од 48.411.468,00 денари и 65

предлози до надлежните нотари за извршување врз основа на веродостојна исправа од кои Фондот побарува износ од 1.708.181,00 денари.

Во 2013 година евидентирани се 24 тужби против Фондот на ПИОМ по разни основи во вкупен износ од 2.116.648,00 денари, од кои 5 предмети се завршени во корист на Фондот (износ од 312.796,00 денари), 1 предмет е завршен во корист на тужителот (109.872,00 денари), додека за останатите предмети судските постапките се сѐ уште во тек.

## 8. Органи на управување на Фондот

### *1. Управен одбор*

Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија како орган на управување во 2013 година активно работеше согласно Програмата за работа, Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Статутот на Фондот и Деловникот за работа на Управниот одбор на Фондот. Одржани се вкупно 22 седници, разгледани, дискутирани и вреднувани вкупно 81 материјал, донесени се вкупно 17 одлуки, реализирана е исклучително голема и значајна работна активност и постигнати се резултати преку кои во 2013 година одговорно, квалитетно и навреме ја реализира програмата за работа.

Работењето на Управниот одбор во 2013 година, е поделено во следните активности:

1) Разгледани и донесени планови и програми,
2) Расправа и усвојување на извештаи и информации по одделни прашања од интерес на работата на Фондот,
3) Предложени и донесени одлуки и
4) Разгледани материјали за непосредната информираност и

преземените активности по одделни актуелни, а краткорочни зафати и потреби за понатамошни активности на Фондот.

Во 2013 година, Управниот одбор на Фондот одржа 22 седници, со вкупно 81 точка на дневниот ред.

-Разгледана е и донесена Програмата за работа на УО на Фондот за 2013 година.

-Извештајот од извршениот попис на целокупниот имот на Фондот како во Центалата, филијалите и деловниците, така и имотот во домовите за живеење на корисниците на пензија со кои управува Фондот и објектите за одмор и рекреација со кои располага Фондот со состојба на ден 31.12.2012 година.

-Програмата за реконструкција и адаптација на деловните објекти на Фондот за 2013 година.

-Програмата за набавка на основни средства и информатичка опрема во Фондот и Извештајот за работата на Фондот за 2012 година.

-Подготвен е и Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, како и Стратегискиот план на Фондот за периодот од 2014-2016 година.

-Буџетот на Фондот за 2014 година, предлог за измените и доплнувањето на Буџетот на Фондот за 2013 година и

-Измените и дополнувањето на Програмата за набавка на основни средства и информатичка опрема во 2013 година, измените на Програмата за реконструкција и адаптација на деловните објекти на Фондот во 2013 година и др.

Исто така, членовите на УО ги разгледаа и усвоија следните информации:

- Информација за извршените продажби на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на ПИОМ стекнат по основа на

трансформација на претпријатијата со општестевен капитал со состојба на 31 декември 2013 година,

- Информација за реализацијата на Програмата за реконструкција и адаптација на деловните објекти на Фондот и Програмата за набавка на основни средства,
- Информација за пензиските предмети по разни основи кои се евидентирани во Одделението за правни работи, за кои се преземени процесни дејствија или треба да бидат преземени,
- Информација за состојбата со наплатата на закупнината за издадениот станбен и деловен простор во домовите за живеење и клубовите за корисниците на пензија за периодот јануари-декември 2013 година,
- Информацијата за состојбите со наплатата на заостанатите неплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување заклучно до 31.12.2008 година, како и тековните состојби со наплатата на придонесите за изминатата 2012 година,
- Информација за финансиската состојба на Фондот за периодот јануари-мај 2013 година,
- Информација за спроведувањето на Солидарниот фонд- посмртна помош за периодот јануари – мај 2013 година,
- Информација за извршените продажби на акции и удели од вкупниот капитал на Фондот стекнат по основ на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал со состојба 24 јуни 2013 година,
- Информацијата од извршувањето на повратот на средства поврзани со кривичната предуда од случајот “Метастаза “,

- Информација за извршената ревизија на финансиските извештаи и усогласеноста за 2012 година на Фондот од страна на Државниот завод за ревизија,
- Информација за финансиската состојба на Фондот за периодот јануари-јуни 2013 година со оценки до крајот на годината,
- Конечен извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста во 2012 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,
- Информација за состојбата со наплатата на закупнината за издадениот станбен и деловен простор во домовите за живеење и клубовите за корисниците на пензија во периодот од јануари до јуни 2013 година,
- Информација за финансиска состојба на Фондот за периодот јануари-септември 2013 година, усогласувањето на пензиите и достигнатото ниво на пензиските примања во 2013 година,
- Информација за транзиционите трошоци по основ на пренасочување на дел од придонесот за пензиско и инвалидско осигурување до приватните пензиски фондови,
- Информација за извршените продажби на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 јануари до 25 декември 2013 година и
- Актуарскиот извештај за пензискиот систем во Република Македонија, со актуарски проекции.

Исто така, Управниот одбор го донесе и

- Правилникот за начинот на водење на матичната евиденција во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и

- Упатството за единствените методолошки принципи за водење на матичната евиденција.

На седниците одржани во текот на 2013 година, УО ги донесе следните поважни одлуки:

- Одлука за одобрување на финансиски средства за инвестиционо одржување на деловните објекти на Фондот,
- Одлука за усвојувањето на Завршната сметка на Фондот за 2012 година,
- Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на опрема и машини,
- Одлука за именување Комисија за попис на имотот на Фондот и домовите за живеење, како посебни градежни објекти и клубовите за одмор и рекреација на корисниците на пензија со кои управува Фондот со состојба на 31 декември 2013 година.
- Одлука за висината на благајничкиот максимум и за плаќање со готови пари на Фондот на ПИОМ за 2014 година
- Други одлуки за одделни правни субјекти кои имаат отворени прашања во соработката со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и др.

Управниот одбор на Фондот во 2013 година, својата активност и работа ги имаше насочено кон законито и квалитетно разрешување на актуелните и приоритетни прашања од вршење на дејноста на Фондот, при што се постигнати значајни и афирмативни резултати на тој план.

## *2. Директор*

Директорот на Фондот раководи и го претставува Фондот пред трети лица. Во рамките на своите овластување во 2013 година, директорот успешно ја

раководеше работата на Фондот, што придонесе да се остварат позитивни резултати во сите сегменти од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување. Директорот ја предложи Програмата за работа на Управниот одбор за 2013 година, донесе Програма за работа на Фондот и се грижеше за нејзино спроведување. Исто така, презеде и повеќе мерки за наплата на ненаплатениот придонес заклучно со 2008 година, а се доставени и повеќе информации до Владата на Република Македонија: за зголемување на наплатата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, за барање на согласности за вработување на упразнетите работни места , за подобрување на условите на финансиското работење, како и за постапување по повеќе прашања за вршење на дејноста на Фондот, а поврзани со постојната законска регулатива и потреба од нивна измена.

Како резултат на овие активности, во 2013 година е донесен Законот за отпис на камати по основ на придонеси од социјално осигурување, склучен е договор со Централниот регистер на РМ за добивање на бесплатни податоци за Фондот за обврзниците до 31.12.2014 година, одобрена е набавка на теренско возило за потребите на инвалидските комисии, извршена е измена и дополнување на Буџетот на Фондот за 2013 година, донесен е Законот за отпис на камати и измени на Законот за трговски друштва.

Како извршен орган на Фондот, директорот предлагаше до Управниот одбор извештаи, анализи, одлуки и други материјали од пензиското и инвалидско осигурување, а воедно се грижеше за извршување на одлуките, насоките и заклучоците донесени од Управниот одбор на Фондот и Владата на Република Македонија.

Како директор на Стручната служба на Фондот ја организира и координира работата на вработените во Фондот и одлучува за остварување на нивните права од работен однос.

## *9. Стручна служба на Фондот*

### *1.Човечки ресурси*

Стручната служба на Фондот во 2013 година ги изврши работните задачи предвидени со Програмата на Управниот одбор на Фондот за 2013 година и задачите од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување, како и кон целосна имплементација на Законот за работни односи и Законот за јавните службеници.

Продолжена е и комуникацијата со Агенцијата за вработување на РМ околу спроведувањето на М1-М2 пријавите и одјавите на вработените по било кој основ, изработка на извештаи за вработените по однос на образование, работно место, националност пол и возраст, изработка на договори за самостојна работа и на договори за волонтерска работа и изготвување на решенија по разни основи (распоредување, награди, казни, престанок на работен однос, годишни одмори и друго) согласно Законот за работни односи.

Исто така, Одделението во 2013 година изготвуваше и одговори по жалби на вработените кои Фондот ги доставуваше до Агенцијата за државни службеници, комуникација со Владата и другите владини институции, ажурирање на податоците за вработените во координација со Фондот за здравствено осигурување и изработка и ажурирање на Планот за одбрана во Фондот.

Во Стручната служба на Фондот, со состојба декември 2013 година, беа ангажирани 654 вработени. Во споредба со 2012 година, бројот е намален за 23 вработени поради заминување на поголем број на вработени поради исполнување на услови за пензија, а дел од вработените го напуштија Фондот заради вработување на други работни места.

Квалификациската структура на вработените во Стручната служба на Фондот е поволна, односно повеќе од половината вработени (60,0%) се со висока и виша школска подготовка, што може да се види од следниот преглед:

Табела бр.25: Квалификациска структура на вработените во Фондот

| Стручна подготовка | 2012 | Структура | 2013 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| Висока | 310 | 45,8 | 314 | 48,0 |
| Виша | 83 | 12,3 | 78 | 11,9 |
| Средна | 265 | 39,1 | 247 | 37,8 |
| Ниска | 19 | 2,8 | 15 | 2,3 |
| Вкупно | 677 | 100,0 | 654 | 100,0 |




Структурата на вработените според школската подготовка, во 2013 година во однос 2012 година е зголемена само кај високата стручна спрема, а извесно намалување се забележува кај останатите стручни спреми.

Табела бр.26. Структура на вработените во Фондот според полот

| Филијали Деловници | Мажи | | Жени | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | структура | број | структура | број | структура |
| Берово | 5 | 71,4 | 2 | 28,6 | 7 | 100 |
| Битола | 8 | 32,0 | 17 | 68,0 | 25 | 100 |
| М Брод | 1 | 25,0 | 3 | 75,0 | 4 | 100 |
| Валандово | 2 | 50,0 | 2 | 50,0 | 4 | 100 |
| Велес | 7 | 43,8 | 9 | 56,3 | 16 | 100 |
| Виница | 0 | 0,0 | 5 | 100,0 | 5 | 100 |
| Гевгелија | 3 | 33,3 | 6 | 66,7 | 9 | 100 |
| Гостивар | 10 | 50,0 | 10 | 50,0 | 20 | 100 |
| Дебар | 3 | 60,0 | 2 | 40,0 | 5 | 100 |
| Делчево | 2 | 28,6 | 5 | 71,4 | 7 | 100 |
| Д. Хисар | 1 | 25,0 | 3 | 75,0 | 4 | 100 |
| Кавадарци | 1 | 6,7 | 14 | 93,3 | 15 | 100 |
| Кичево | 2 | 28,6 | 5 | 71,4 | 7 | 100 |
| Кочани | 2 | 18,2 | 9 | 81,8 | 11 | 100 |
| Кратово | 3 | 75,0 | 1 | 25,0 | 4 | 100 |
| Кр. Паланка | 3 | 30,0 | 7 | 70,0 | 10 | 100 |
| Крушево | 4 | 57,1 | 3 | 42,9 | 7 | 100 |
| Куманово | 12 | 54,5 | 10 | 45,5 | 22 | 100 |
| Неготино | 3 | 33,3 | 6 | 66,7 | 9 | 100 |
| Охрид | 6 | 40,0 | 9 | 60,0 | 15 | 100 |
| Прилеп | 9 | 45,0 | 11 | 55,0 | 20 | 100 |
| Пробиштип | 6 | 85,7 | 1 | 14,3 | 7 | 100 |
| Радовиш | 2 | 50,0 | 2 | 50,0 | 4 | 100 |
| Ресен | 4 | 50,0 | 4 | 50,0 | 8 | 100 |
| Св Николе | 1 | 12,5 | 7 | 87,5 | 8 | 100 |
| Струга | 6 | 42,9 | 8 | 57,1 | 14 | 100 |
| Стумица | 7 | 41,2 | 10 | 58,8 | 17 | 100 |
| Тетово | 20 | 57,1 | 15 | 42,9 | 35 | 100 |
| Штип | 11 | 50,0 | 11 | 50,0 | 22 | 100 |
| Скопје | 28 | 35,0 | 52 | 65,0 | 80 | 100 |
| Централа | 92 | 39,5 | 141 | 60,5 | 233 | 100 |
| **Вкупно** | **264** | **40,37** | **390** | **59,63** | **654** | **100** |

Од податоците за вработените според полот, се гледа дака во Фондот повеќе се застапени жените, кои на 31.12.2013 година изнесуваат 390 или 59,6% од вкупниот број на вработените, а мажите учествуваат со 40,4%.

**Табела бр.27**: Движење на бројот на вработените во Стручната служба на Фондот, во периодот од 1995-2013 година

| Година | Стручна служба Централа-Скопје | Подрачни единици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1995 | 221 | 409 | 630 |
| 1996 | 226 | 409 | 635 |
| 1997 | 217 | 404 | 621 |
| 1998 | 216 | 395 | 611 |
| 1999 | 214 | 406 | 620 |
| 2000 | 218 | 407 | 625 |
| 2001 | 209 | 415 | 624 |
| 2002 | 216 | 419 | 635 |
| 2003 | 217 | 406 | 623 |
| 2004 | 218 | 389 | 607 |
| 2005 | 233 | 423 | 656 |
| 2006 | 256 | 448 | 704 |
| 2007 | 254 | 430 | 684 |
| 2008 | 254 | 462 | 716 |
| 2009 | 251 | 427 | 678 |
| 2010 | 263 | 474 | 737 |
| 2011 | 258 | 451 | 709 |
| 2012 | 245 | 432 | 677 |
| 2013 | 233 | 421 | 654 |

Според стручната подготовка, просечната бруто-плата (декември 2013година) изнесува:

| | |
|---|---|
| ВСС | **35.788** |
| ВС | **31.370** |
| ССС | **24.860** |
| НСС | **20.719** |
| Вкупно | **30.762** |

Надоместокот на Стручната служба на Фондот во 2013 година изнесува 257,28 милиони денари и истиот во вкупните расходи на Фондот учествува со 0,6% .

## *2.* Извештај за работата на Отсекот за актуарство во текот на 2013 година

Во 2013 година, Отсекот за актуарство ги извршуваше редовните задолженија планирани со програмата за работа, како и сите вонредни активности.

Во рамките на редовните задолженија, вработените во Отсекот извршија ажурирање на актуарскиот модел, кој се користи како алактка за изготвување на краткорочни, среднорочни и долгорочни проекции за пензискиот систем. За ажурирањето на моделот, податоците за пензионерите и осигурениците, како и финансиските параметри за работењето на Фондот се обезбедуваат од базата на податоци на Фондот и Одделението за буџетска координација, демографските податоци се обезбедуваат од Државниот завод за статистика, а макроекономските индикатори од Министерството за финансии. По ажурирањето на моделот се креираат различни сценарија и се добиваат излезни резултати за различни параметри значајни за пензиската област.

Со користење на актуарскиот модел, Отсекот за актуарство во текот на 2013 година, изготвуваше различни сценарија, пресметки, анализи и предвидувања за потребите на Фондот и на барање на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за супревизија на капитално финансираното пензиско осигурување, Министерството за финансии и други надворешни институции.

На почетокот на годината вработените во Отсекот, на покана на Министертвото за труд и социјална политика, а во соработка со Канцеларијата во Скопје, учествуваа на конференција под наслов “Процес на ревизија на стратегијата за демографски развој 2008-2015 година и креирање на мерки за одржлива популациска политика”. На конференцијата, беа презентирани првичните чекори преземени во насока на унапредување на постоечката стратегија, беше дискутирано за глобалните и националните демографски трендови, политиките за стареење, миграционите политики, планирањето на семејството и репродуктивното здравје. Конференцијата беше значајна за членовите за Отсекот, во насока на проширени знаења од областа на демографијата како еден од значајните параметри при креирањето на демографските параметри неопходни за погоре споменатите проекции.

На барање на Министерството за труд и социјална политика, беше направена анализа за состојбата со членовите и уплатите во Втор столб. Исто така, за потребите на Светска банка, а на барање на Министерството за труд и социјална политика беа пополнети табели со статистички и финансиски податоци од областа на пензиското и инвалидско осигурување, и тоа, за период од 2009-2012 година.

Изготвување на проекции за Буџетот на Фондот во повеќе различни сценарија за периодот од 2014-2016 година, кои што го вклучуваа и дополнителното зголемување на расходите за пензии, беа дел од активностите во овој период.

Во текот на месец јули, еден од членовите на Отсекот на актуарство беше вклучен како активен член во Комисијата формирана од страна на генералниот директор за следење и у тврдување на матерјално-финансиското работење на акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност во кои Фондот поседува акции односно удели и отворени стечајни постапки во кои Фондот поседува акции и удели. Согласно активностите предвидени за

реализација на Акцискиот план, Комисијата ја утврди финансиско-материјалната состојба на 43 акционерски друштва и 52 друштва со ограничена одговорност каде Фондот на ПИОМ поседува акции и удели со најмалку 10% учество во основната главнина на истите. За резултатите од преземените активности беше изготвен извештај доставен до Директорот.

Како дел од редовните активности секоја година на барање на Агенцијата за супревизија на капитално финансираното пензиско осигурување за вршење сопствени анализи и пресметки, беа подготвени и доставени детални долгорочни актуарски проекции за бројот на членовите, уплатените придонеси и акумулираните средства во Вториот столб.

### *3.* Работа на Одделението за внатрешна ревизија

Одделението за внатрешна ревизија во 2013 година, редовните работни задачи согласно планот за 2013 година, ги изврши навреме и придонесе во подобрување на работењето во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Работата на внатрешната ревизија е согласно законски акти и правилници за вршење на внатрешната ревизија и меѓународните стандарди за внатрешната ревизија, Правилникот за етички кодекс на внатрешните ревизори и други акти. При секоја извршена ревизија, се изготвува документација која претставува ревизорско досие заради организираност во извршувањето.

Внатрешните ревизори од Одделението, од крајот на 2012 и во 2013 година посетуваа и обука за стекнување на CIPFA - Меѓународен сертификат за овластен внатрешен ревизор во јавен сектор, организирана од страна на Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (CIPFA) од Словенија и Центарот за развој на финансиите (CEF) од Словенија, во соработка со УСАИД и Министерството за финансии на Р. Македонија.

По завршената обука и положените испити, раководителот на Одделението за внатрешна ревизија и еден внатрешен ревизор се стекнаа со CIPFA Меѓународен сертификат за овластен внатрешен ревизор во јавен сектор.

Во 2013 година Одделението ги спроведе следните ревизии:

1. Ревизија на системот на усогласеноста во процесот за плаќање на фактурата за набавка на стоки и услуги.

Со имплементација на препораките од оваа ревизија, се обезбедува целосна примена на сметководствениот систем и комплетирани, навремени, ажурирани деловни книги, систем на евидентирањето на сметководствените документи. По изготвувањето и имплементирање на политиката за сметководство во согласност со законската регулатива, ќе се избегнат несакани пропусти и грешки на вработените во Секторот.

2. Ревизија на усогласеноста на процесот на матичната евиденција на стаж на осигуреници кои се корисници на пензија со стаж од приватен сектор.

Констатираните постоечки ризици во ревидираниот процес не се покриени со прецизно утврдени работни обврски, одговорности и контроли, а со имплментирање на препораките од внатрешната ревизија се овозможи заштита на податоците на осигурениците во приватниот сектор кои пред триесет и повеќе години го плаќале придонесот за ПИО, како и ефикасна заштитата на податоците.

3. Ревизија на системот внатрешни контроли кои се вградени во апликација со новото програмско решение за остварување право на пензија во ФПИОМ.

Системот на внатрешни контроли кои се вградени во апликација со новото програмско решение за остварување право на пензија, добро е

дизајниран, функционира и уверува дека во иднина ќе обезбеди сигурно функционирање на системот.

Можностите кои ги дава апликативната програма не се недоволно искористени со имплементирање на новата програма.

Препорачано е изготвување на план за обуки, работни средби и размена на искуства по одделенија и филијали во Фондот. Спроведената ревизија претставува зајакнување на контролните врски во апликацијата за избор на работен налог, а остварувањето на соодветно право согласно Законот на пензиското и инвалидското осигурување, да не е оставено на одговорноста на референтот за решавање по правата.

Зајакнатите контроли при прием и заведување на Барањето за остварување права од ПИО е придобивка на оваа ревизија, како и задолжително формирање на електронското досие со сите скенирани документи кое е клучна цел на проектот.

4. Ревизија за следење на препораките на системот на внатрешни контроли кои се вградени во апликација со новото програмско решение за остварување право на пензија во Фондот. По доставувањето на Конечниот извештај од ревизијата, стручните служби започнаа да ги имплементираат препораките за надминување на утврдените неправилности и недостатоци. Во рок од два месеца, беа воспоставени дополнителни апликациски контроли за изборот на работниот налог. Нееднаквата примена на основниот член од законот за остварување право од старосна пензија, се отстрани со доставување на Укажување до филијалите за еднаква примена на законската регулатива во овој дел од страна на Стручната служба на Фондот.

5. Ревизија за следење на препораките на системот на внатрешни контроли на процесот за управување со сигурносните инциденти во информациониот систем на организацијата и известување на раководството за постојните ризици во Секторот за информатичка технологија во Фондот

Со оваа ревизија се утврдени 12 наоди и дадени се исто толку препораки, а како најголема придобивка од спроведената ревизија, Одделението за внатрешна ревизија го оценува воспоставувањето на процедури за работа, инсталирањето на програма за дојавување на инциденти и дефинирањето на услужните софтвери со кои работат операторите во систем-салата.

6. Ревизија за следење на препораките на системот на внатрешни контроли на процесот за утврдување својство на осигуреник за специфичните категории на осигуреници, индивидуални земјоделци и контрола при наплата на придонесот од пензиското и инвалидско осигурување.

Проценката на системот на внатрешните контроли на процесот за утврдување својство на осигуреник за индивидуални земјоделци во Филијалата Скопје, е дека функционира, но потребно е подобрување во дизајнот на процедурите.

Исто така, забележан е фактот што во некои филијали не се примаат во осигурување лица кои дејноста ја вршат на земјоделско земјиште за кое имаат договор под концесија, закуп, плодоуживање и друго. Оваа дилема е разрешена со донесување на Правилник за начин на водење на матична евиденција во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/13).

Придобивка од спроведените препораки е унифицирано работење во сите филијали и деловници во Фондот за примање во осигурување на лица - индивидуални земјоделци, нивно електронско досие и електронска евиденција, како и наплата на неплатениот долг на овие осигуреници до 2008 година.

7. Ревизија на усогласеноста на процесот за заведување, распоредување на пошта и експедирање на сопствени акти, документи и предмети во Фондот.

Како итна ревизија по барање на Директорот на Фондот, во 2013 година, истата е извршена и резултира со подобрување и надградување на канцелариското и архивско работење во сите сегменти од работењето во утврден временски рок. Внатрешната ревизија утврди 7 наоди и даде 10 препораки.

Придобивката за Фондот и за вработените е голема, по автоматизирање на целото канцелариско работење, со што ќе постои трајно заштитена електронска верзија, без потреба од хартиена форма на водење деловодник, уписник, интерни книги, обвивки за списите итн.

8.Ревизија на процесот за исплата на патни трошоци на вработените во Централата на Фондот.

Од спроведената ревизија и преземените активности од увидот во сметководствената документација, направените тестирања, како и од разговорите со одговорните, Внатрешната ревизија констатираше дека за ревидираниот процес е воспоставен комплексен систем на интерни контроли што го намалува ризикот од ненаменско и незаконско трошење на средствата од Буџетот на Фондот на ПИОМ.

За поедноставување на постапката и дневното евидентирање на поминатите километри и потрошено гориво, препорачано е да се измени и дополни "Упатството за условите и начинот на користење на службените возила на Фондот во државата и во странство, истото во целост да се почитува од сите инволвирани во процесот.

9. Изготвување на квартални извештаи за спроведени препораки.

10. Изготвување на извештаите и изјавата за квалитет на состојбата за внатрешните контроли од Годишниот финансиски извештај, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09).

11. Изготвување на Годишен и Стратешки план за работа на Одделението за внатрешна ревизија.

12. Учество во спроведување на препораките за иплементирање на ISSO стандардите.

13. Учество за подготовка на Стратешки план на Фондот 2014-2016 година.

## 4. Буџетска контрола

Во Одделението за буџетска контрола, во 2013 година беа реализирани сите предвидени задачи со Програмата за работа и со Планот за извршување на финансиски контроли во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија:

- Ех-анте и Ех-пост контрола на сите склучени финансиски договори на Фондот со другите институции и ја следеше нивната реализација;
- сите влезни фактури при што е вршена проверка на истите, пред да се изврши исплатата;
- проверки на сите фактури при исплата на средства за сите ПЕ на Фондот за исплата на материјални средства, при што даваше инструкции за недоследностите;
- контроли во делот на финансиското работење во некои одделенија каде што се констатирани одредени процедурални пропусти, кои по нашите укажувања веднаш се отстранети;
- редовно следење и информирање на Менаџментот за извршувањето на буџетот;
- внатрешна распределеност на буџетот согласно ЗЈВФК;
- изготвување на извештаите и Изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли од Годишниот финансиски извештај;
- изработка на Стратешки план за спроведување на финансиско управување и контрола;
- изработка на План за воспоставување и развој на финансиско управување и контрола (Методологија за спроведување на планот);

- изготвување полугодишни извештаи до Државната комисија за спречување на корупција;
- редовна контрола на патните и дневни расходи.

По препорака на Државниот завод за ревизија, активно учествуваше во изготвувањето на пишаните процедури во Секторот за финансиски прашања, учествуваше во спроведување на препораките за иплементирање на ISSO стандардите, при што Фондот се стекна со цертификат за имплементиран ISSO 9001:2008 стандард.

Во текот на 2013 година, изврши контрола во Одделението за исплата на пензии, и констатираше дека е потребно да се изврши проверка на корисниците на пензија со место на живеење во Република Македонија дали се тие живи. Во таа насока, во соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда, се вршеше упарување на податоците за корисниците на пензии. Согласно член 141 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а во врска со соработката со Управата за водење на матични книги, контролирани се 2874 пензионери на возраст од над 90 години, со цел да де утврди дали истите се активни пензионери и е констатирано дека 20 пензионери се починати за кои се поведени понатамошни дејствија.

Одделението, исто така, постапи по дописот од Министерството за финансии, Управата за финансиска полиција и обраќање до деловните банки со барање за поврат на средства од починати корисници на пензии. Со оваа активност се повратени средства во износ од 3.010.000,00 денари.

Одделението за буџетска контрола препорача да се почитуваат пишаните процедури од страна на сите надлежни во секторите и одделенијата.

## 5. Јавни набавки

Во 2013 година, во Фондот, сите јавни набавки беа спроведени согласно Законот за јавни набавки и Планот за јавни набавки за 2013 година.

Постапките за доделување на договори за јавни набавки беа водени со:

- постапка со барање за прибирање на понуди без и со објавување на оглас кога проценетата вредност на Договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ е до 5.000 евра во денарска противвредност за стоки, услуги и работи,

- постапка со барање за прибирање на понуди со објава на оглас кога проценетата вредност на Договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20.000 евра без ДДВ во денарска противредност, а за работи до 50.000 евра без ДДВ во денарска противвредност,

- отворена постапка ако вредноста на Договорот за јавната набавка изнесуваше 130.000 евра, (односно 200.000 евра за одредени работи) во денарска протвредност за стоки и услуги и 4.000.000 евра во денарска противвредност за работи без вклучен ДДВ и постапка со преговарање без претходно објавување на оглас,

Во 2013 година, од страна на Фондот беа објавени 51 оглас за доделување на договори за јавни набавки, од кои 19 огласи се за прибирање на понуди со проценета вредност до 5.000 евра во денарска противвредност за стоки , услуги и работи согласно новите законски измени за задолжително објавување на овој тип на постапки од јули 2013 година, 13 огласи за прибирање на понуди со објава на оглас со проценета вредност на договорот до 20.000 евра во денарска противвредност за стоки, услуги и работи, 18 огласи со отворена постапка за прибирање на понуди за набавка на стоки , услуги и работи над 130.000 евра во денарска противвредност, 8 покани поднесени за доделување на Договор за јавни набавки без објавување на оглас и 1 постапка се водени на други огласи како “останати” или “неприоритетни услуги” согласно член 17 став 1 алинеја 2 и став 2и 3 од истиот член од Законот за јавни набавки.

Фондот во 2013 година склучи вкупно 57 договори, и тоа 20 договори со отворена постапка, 16 договори со барање за прибирање на понуди, 12 договори со барање за прибирање на понуди со оглас, 8 договори со постапка со

преговарање без објавување на оглас и 1 Договор за набавка на услуги од членот 17 став 1 алинеја 2 и став 3 од истиот член од Законот за јавни набавки.

Сите склучени договори за јавни набавки се објавени на ЕСЈН http://e-nabavki.gov.mk и се достапни на јавноста.

Во 2013 година се поништени 12 постапки за доделување на Договор за јавна набавка. Постапките се поништени поради следните причини:

- не е поднесена ниту една прифатлива или соодветна понуда,
- не е поднесена ниту една понуда и
- понудувачите понудиле цена и услови за извршување на Договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот.

При спроведување постапка за доделување на Договор за јавна набавка со електонски средства (преку ЕСЈН), сите дејствија во постапката (објавување на оглас, тендерска документација, поднесување на понуди, јавно отворање, евалуација на понудите, закажување на е-аукции, донесување одлуки, известување по донесени одлуки, известување за склучен договор, евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди и комуникација со економските оператори), се спроведуваа во електронска форма со која се овозможува поголема конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки.

Во 2013 година се закажани 32 електронски аукции и 8 состаноци за преговарање, кои успешно се спроведени (понудувачите лицитираа со цените) и беше остварена заштеда на средства, како на цената, така и во трошоците при спроведувањето на набавките.

Во постапките за јавни набавки од страна на економските оператори, беа поднесени вкупно 4 жалби до Комисијата за јавни набавки при Фондот, на кои истата одговори на жалбите на економските оператори и ги достави до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Од вкупно доставените жалби, Државната комисија за жалби по јавни набавки, 2 жалби ги отфрли како неосновани, од 1 жалба го врати предметот на повторно одлучување и за 1 постапка донесе Одлука за поништување на постапката.

## 6.Солидарен фонд

Согласно член 115 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на корисникот на пензија со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во Здружение на пензионери (членарина).

Согласно Одлуката на регистрираната организација на Сојузот на пензионери за 2013 година, износот за посмртна помош изнесува 120 денари, а членарината 30 денари месечно.

Посмртната помош за починати корисници на пензија за 2013 година изнесуваше 30.000 денари.

Во 2013 година, од корисниците на пензија за Солидарен фонд - посмртна помош се задржани средства во износ од 392.031.120 денари, додека на членовите на семејствата на починатите 13.374 корисници на пензија се исплатени средства во износ од 401.220.000 денари.

**Табела бр.28:** Движење на издвоените и исплатени средства за Солидарен фонд- посмртна помош од корисниците на пензија по месеци во 2013 година

| Месеци | Корисници на пензија | Солидарен фонд | Починати | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 269.449 | 32.333.880 | 1472 | 44.160.000 |
| Февруари | 269.928 | 32.391.360 | 1111 | 33.330.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Март | 270.544 | 32.465.280 | 1122 | 33.660.000 |
| Април | 271.223 | 32.546.760 | 1077 | 32.310.000 |
| Мај | 271.959 | 32.635.080 | 1048 | 31.440.000 |
| Јуни | 272.209 | 32.665.080 | 1079 | 32.370.000 |
| Јули | 272.220 | 32.666.400 | 1140 | 34.200.000 |
| Август | 272.775 | 32.733.000 | 998 | 29.940.000 |
| Септември | 273.012 | 32.761.440 | 994 | 29.820.000 |
| Октомври | 273.543 | 32.825.160 | 1077 | 32.310.000 |
| Ноември | 274.751 | 32.970.120 | 1122 | 33.660.000 |
| Декември | 275.313 | 33.037.560 | 1134 | 34.020.000 |
| **Вкупно** | | **392.031.120** | **13.374** | **401.220.000** |

Издвоените средства за посмртна помош во износ од 392.031.120 денари, во однос на исплатените средства во износ од 401.220.000 денари, се помали за 9.188.880 денари, што покажува дека исплатените средства за 2013 година не се целосно покриени со издвоените средства за оваа намена, а се користени средства од салдото на средствата на 31.12.2012 година.

Во период од 2010 година до 2013 година издвоените и исплатени средства за посмртна помош изнесуваат, и тоа:

**Табела бр.29:**

| Година | Корисници просек | Издвоени средства | Починати корисници | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| 2010 | 262.370 | 377.910.674 | 12.617 | 378.501.162 |
| 2011 | 262.179 | 377.587.680 | 13.112 | 393.360.000 |
| 2012 | 265.764 | 382.711.152 | 13.219 | 396.570.000 |
| 2013 | 272.243 | 392.031.120 | 13.374 | 401.220.000 |

Бројот на починатите корисници на пензија во 2013 година изнесува 13.374 корисника, а во 2010 изнесува 12.617 починати. Во однос на 2010 година, бројот на починатите корисници во 2013 година е зголемен за 757, а во споредба со 2012 година за 155 корисници.

Во 2013 година, бројот на починатите корисници на пензија изнесува 13.374 корисници, или месечен просек од 1114.

Движењето по месеци на починатите корисници на пензија е прикажана во следната табела:

**Табела бр30**: Број на починати корисниците на пензија во 2013 година по месеци

| Месеци | Починати корисници |
|---|---|
| Јануари | 1472 |
| Февруари | 1111 |
| Март | 1122 |
| Април | 1077 |
| Мај | 1048 |
| Јуни | 1079 |
| Јули | 1140 |
| Август | 998 |
| Септември | 994 |
| Октомври | 1077 |
| Ноември | 1122 |
| Декември | 1134 |
| **Вкупно** | **13.374** |

Од табелата се гледа дека смртноста на корисниците на пензија е различна по месеци, исклучок е месец декември каде е најголем бројот на починати корисници и достигнува 1.472 починати за еден месец, а најмал е во септември и изнесува 994 починати корисници.

Стручната служба на Фондот, во 2013 година вршеше редовна исплата на посмртната помош на членовите на семејствата на починатите корисници.

## 10. Информатички системи

Информатичката и комуникациска технологија е еден од основните елементи за ефикасно и ефективно спроведување на пензиското и инвалидско осигурување. Информатичката опрема е носител и основна алка за реализација на деловните процеси во сите сегменти на работењето на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Во текот на 2013 година, во Одделението за апликативен софтвер, континуирано се работеше на одржување и усовршување на сите постоечки линии, апликативни решенија за поддршка на деловните процеси за извршување на тековните активности во Стручната служба на Фондот.

Во делот на регистрацијата на обврзниците и осигурениците, се направени следните активности:

- Редовни измени и дополнувања на софтверот за регистрација на осигурениците и обврзниците согласно законските промени, одлуки на Владата или други барања,
- Обезбедување на дневна ажурираност на регистерот на обврзници и осигуреници,
- Генерирање и утврдување на годишни податоци за утврден стаж и остварени плати и надоместоци,
- Изготвено е софтверско решение за генерирање, автоматска контрола, детектирање и селектирање на грешките на годишни податоци за утврден стаж и остварени плати на надоместоците,
- Во делот на Матичната евиденција, на корисниците на правата и исплата на пензиските примања по сите основи,
- Во текот на 2013 година направена е анализа на дојавени проблеми од корисниците на софтверот од делот за решавање на права од ПИО и исплата на пензиските примања,

- Одржување и доградување на софтверското решение на оракал платформа во делот на матичната евиденција на корисниците на права и исплата на пензиските примања,
- Редовни измени и дополнување на софтверот на корисницте на пензија на права и исплата на пензиските примања, согласно законските промени, одлуки на Владата или други барања.

Во делот на Оцена на работната способност:

- Анализа и поддршка на софтверот за оцена на работната способност,
- Изготвување разни статистички прегледи и извештаи за потребите на службите во Фондот,
- Одржување на апликативни решенија за сервисирање на исплата на Солидарен фонд преку Фондот (средства за посмртна помош кои се исплаќаат на наследниците на починати корисници на пензија за кои во месечните исплати на пензиските примања е вршена задршка за оваа намена).

Учество во имплементација на проектот за дигитализација на старите микрофилмски снимки на М1, М2 М3, М4, М5, М6, М7 М8 и ПС образци и миграција на старите микрофилмски записи од PMC датотека во BMC оперативен систем ORACLE.

Во 2013 година најприоритетна задача во Одделението за развој на информацискиот систем е обезбедување редовна распределба на уплатите за придонес кои секјодневно пристигнуваат на мостната сметка со која управува Фондот, преку управување на податоците за уплатените доставени од трезор со податоци за платените МПИН пријави кои ги доставува Управата за јавни приходи, за извршување на процесот за распределба на уплатите и податоците меѓу Фондот и приватните пензиски фондови, со контрола и утврдување од Агенцијата за супервизија на капиталното финасирано пензиско осигурување,

за потоа да се дистрибуира дел од парите на институционалната сметка на Фондот, а дел во приватните пензиски фондови. Покрај парите се дистрибуираат и податоците за секое лице.

Во текот на 2013 година се направени и следните активности:

- Разрешување на проблематични уплати во координација со Одделението за контрола на податоците од придонес за пензиско и инвалидско осигурување, податоци за МПИН пријавите, со кои се контролираат во Управата за јавни приходи и потоа се преземаат од таму.
- Автоматизирање на делови од процесот за поврат на средства. Процесот во одреден систем е автоматизиран, но целта на оваа систематизација е процесот да биде непосредно контролиран и од Деловната единица за наплата на придонес.
- Информатичка поддршка за надминување на проблемите што се јавуваат при генерирање на решенијата за обврзници кај кои настанала промена на податоците во системот за наплата на придонес.
- Тековни задачи, одржување на апликациите со сите свои специфичности кои произлегуваат од деловните дефиниции, информатичка технологија и програмското решение.
- Обезбедување нови проекти и апликативни решенија со Фондот за здравственото осигурување и преку комуникација со Веб-сервери, при што, Фондот ги дојавува промените за статусите на пензионерите кои се потребни за ФЗО во процесот на здравственото осигурување на пензионерите.

Во 2013 година, Одделението за системско инженерството и комуникација успешно ги имплементираше и реализираше следните активности:

- Проширување на просторот на IBM sistem storage DS4800 model 88 со додавање на тврди дискови и проширување на RAM-меморија на бладе серверите каде е инсталиран VMWARE-от.
- Имплементација на предлозите од Проектот за пенетрација на мрежата на Фондот.
- Инсталација на Софтвер за централно менаџирање на серверите и компјутерите.
- Инсталација на Microsoft Exchange 2010
- Инсталирање и конфигурирање на disaster center – Надградба на брзината на Метро Етернетот и активизирање на VPN со инсталација на рутерот.
- Набавка и инсталација на Rack 42U за подрачните единици за сместување на инсталиранаата опрема (тендерска документација, процедура, инсталација).

## 11. Стопанисување со имотот на Фондот

Во 2013 година, Одделението за стопанисување со имотот на Фондот, презеде активности во врска со своите надлежности и обврски согласно Програмата за работа усвоена од Управниот одбор за непречено функционирање на домовите за живеење на корисниците на пензија, стопанисување со станбениот и деловен простор, извршување на Програмата за реконструкција, адаптација и инвестиционо одржување на објектите на Фондот, како во филијалите и Централата, така и во дел од пензионерските домови, издавање на објектите за одмор и рекреација на вработените во Фондот, обезбедување на потребната документација за впишување на

објектите во сопственост на Фондот во катастарската евиденција и добивање на имотни листови.

Од вкупно 37 домови за живеење на корисниците на пензија во Републиката, Фондот до 31.12.2012 година стопанисуваше со 14 домови за сместување на корисниците на пензија, а од 26.07.2013 год., преземен е и Домот во Куманово, така што сега стопанисува со 15 пензионерски домови кои располагаат со 406 станбени единици со сместени 451 корисник на пензија. Слободни има 2 стана во Пензионерскиот дом во Свети Николе, од причини што нема барање од корисници на пензија кои ги исполнуваат условите за сместување и во Гостивар, од причини што е донесена времена мерка поради тужбата од страна на Здружението на пензионери од Гостивар. Закупнината редовно се наплаќа преку задршка од пензијата, а останатите трошоци (комунални услуги) со помали потешкотии се наплаќаат. Вкупното задолжување за 2013 година изнесува 3.770.032,оо денари, а вкупно наплатени се средства од закупниини од корисниците на пензија во износ од 3.702.838,00 денари, или 98.22 % наплата.

Со ослободување на станови во домовите за живеење на корисниците на пензија, согласно Оглас и донесени одлуки од комисиите во филијалите, се склучуваат договори со нови корисници и се пополнуваат слободните станбени единици. Во 2013 година се склучени вкупно 46 нови договори во сите домови во Републиката. Домовите се одржуваат редовно и се создадени добри услови за живеење на корисниците на пензија.

Фондот располага со деловен простор во домовите за живеење на корисниците на пензија од 8.407,13 м$^2$, од кој е издаден 5.788,49 м$^2$, а 2.616,64 м$^2$ не е закупен. Издавањето под закуп на деловниот простор се врши со распишување огласи, а посебна Комисија од Фондот врши избор за издавање на истиот после донесената одлука за избор кога се склучува Договор и истиот

се издава. Во 2013 година склучени се 8 нови договори за издавање на деловен простор.

Во 2013 година Фондот на име закупнина за деловен простор има фактурирано 12.587.887,00 денари и наплатено 12.241.745,00 денари, или тековната наплата е 97,25 %, што е на исто ниво во споредба со претходната година.

Во овој период, од вкупно пренесените побарувања од претходниот период во износ од 514.075,00 денари, наплатени се 419.529,00 денари, или 87,75% од пренесените побарувања.

Во истиот период е пресметана и задолжена камата за доцнење на плаќање во износ од 46.471,00,оо денари и наплатено е 35.665,00, или 76,75%.

За подобрување на наплатата закупците беа предупредувани за доцнењето на плаќањата, со што се спречува поднесување на тужби за нередовните закупци и раскинување на Договорот за закуп.

Во 2013 година, со издавањето на објектите за одмор и рекреација со кои располага Фондот, согласно поднесените барања, беа реализирани 737 ноќевања од вработените. Заради подобрените услови во овие одморалишта, може да се констатира дека секоја година се зголемува бројот на вработени кои ги користат одморалиштата на Фондот.

И во 2013 година Одделението имаше доста активности при ажурирање на документацијата за упис на имотот на Фондот во Агенцијата за катастар на недвижности. Предадените геодетски елаборати во Министерството за транспорт и врски за спроведување на постапката согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти е во завршна фаза, така што во 2014 година се очекува да завршат сите постапки и на тој начин би се регулирале имотно-правните односи за објектите со кои располага Фондот.

Инвестиции во 2013 година

Во 2013 година извршени се инвестициони активности во рамките на предвидените средства со Буџетот на Фондот за 2013 година, со цел подобрување на условите за работа на вработените, како и во домовите за престој на корисниците на пензија.

- Филијали и деловници

Извршени се повеќе инвестициони зафати во филијалите и деловниците:

Во Централата во Скопје, извршена е замена на настрешниците на терасите на четврти спрат со нова настрешница од лексан.

Во Делчево, во новите простории заокружена е реконструкцијата со изработка, односно вградување на централно греење и овозможени се комплетни услови за работа.

- Домови за живеење

Во домовите за живеење на корисниците на пензија, во 2013 година се продолжи со инвестирање за подобрување на условите за сместување на корисниците на пензија.

Во Домот за живеење на пензионери во Ѓорче Петров извршена е замена на надворешната дотраена столарија во сите станбени единици и со заштитни ПВЦ ролетни, со што е подобрена енергетската ефикасност и намалени се трошоците за енергија за затоплување и ладење. Набавени се и панели за греење на станбените единици.

Во Домот за живеење на корисници на пензија во Крива Паланка е извршена замена на дотраениот кров над станбените единици со нов покривач од пластифициран лим. Заменети се и дотраените скалишни портали со нови ПВЦ, а исто така е извршено и молерисување на скалишниот простор.

Во Домот за живеење на корисници на пензија во Чаир кој е преземен во 2012 година, извршени се занаетчиски работи за подобрување на условите за живеење, со тоа што се заменети надворешните прозорци и врати во

заедничките простории, извршена е поправка на електричната инсталација, како и замена напоголем дел од кровниот покривач од салонит со нов од пласифициран лим.

Со овие инвестициони вложувања значително се подобрени условите за живеење на корисниците на пензија во пензионерските домови со кои управува Фондот, кој и понатаму ќе продолжи со активностите во инвестирање во домовите во рамките на средствата утврдени со Буџето за оваа намена.

## VI. ЗАКЛУЧОК

Годишниот извештај за работата на Фондот за 2013 година, системски и детално го прикажува остварувањето на сите значајни функции од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување, изразени преку бројни статистички и други показатели.

Воведниот дел, во скратена форма ги дава значајните активности на Фондот во 2013 година, а во продолжение на Извештајот споредбено и аналитички се прикажани остварените резултати.

Со остварените приходи во 2013 година и пренесените парични средства од 2012 година, Фондот редовно и навремено ги извршуваше обврските кон корисниците на пензија и другите обврски.

Фондот, својата работа во 2013 година ја изврши ефикасно и успешно, што произлегува од деталните податоци за извршување на задачите.

Осигурениците и корисниците на пензија непречено ги остваруваа своите права во Фондот согласо Законот, Статутот и другите општи акти на Фондот.

Фондот, исплатата на пензиите ја вршеше редовно во воспоставените рокови, како и вршеше редовно и дополнително усогласување на пензиите согласно законските прописи.

*   *
*

Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на    2014 година го усвои Извештајот за работа на Фондот за 2013 година.

| | |
|---|---|
| Директор на Фондот, | Претседател на Управниот одбор на Фондот, |
| Bekim Neziri | Ацо Стојанов |

Скопје, мај 2014 година